**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 август 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зошто наскоро почнуваме со продолжението на седницата.

Продолжуваме со работа по 63-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Љубчо Георгиевски, Елмазе Селмани, Јани Макрадули, Мери Младеновска Георгиевска, Лазар Китановски, Роза Топузова Каревска, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Фијат Цановски, Шабан Салију, Благој Зашов, Никола Ќуркчиев, Али Ахменти, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Теута Арифи, Блерим Беџети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот.

Според овде пријавните има збор господин Сафет Незири, повелете вашите 10 минути.

Повелете господине Бучковски, процедурално.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Во петокот, пред почетокот на седницата, јас дадов предлог што вие го одбивте. Според мене, со несоодветно образложение,дека не може повеќе да комуницирате со истржниот судија, дека тоа ќе било сфатено како политички притисок.

Јас, уште еднаш, врз оснва на новонастанатите околности, тоа е дека последното писмо, вашата комуникација во периодот 7 август, одговорот е на 10 август, вие сте го добиле на 13 август. Бидејќи сега е 20 август, мојот предлог е да ја продолжите комуникацијата со истражниот судија во насока на тоа да видите дали има ново барање од овластените предлагачи за превентивната мерка притвор. Дали во меѓувреме, со било кое свое постапување или не, појавување кај истражниот судија сум дал причина да и понатаму продолжи истрагата што, според мене е безпредметна, затоа што јас ви го кажав тоа во четвртокот вечерта,во една реплика што ја имав со почитуваната госпоѓа Бонева. Дека, за конкретниот сучај на трети август, даваји го исказот пред истражниот судија, Владо Бучковски се откажа од својот пратенички имунитет за да може судиката да постапува по кривичниот предмет.

Бидејќи во меѓувреме, според информациите на мојот бранител веќе 4 дена, сметајќи ги и сабота и недела, тоа би било 6 дена, нема нови истражни дејствија, нема сослушување на нови сведоци, мислам дека пред завршувањето на расправата тоа ќе биде битен елемент за да можат колегите пратеници да одлучуваат.

Затоа уште еднаш го афирмирам тоа барање, затоа што евидентно е дека вие, врз основа на советит што ги имате, дали од генералниот секретар или од правните експерти што се дел од Собранието,го имате напишано писмото на 7 август. Што, според мене, создаде предуслови да продолжи расправата.

Инаку, според мислењето на многумина кои подобро од мене ја познаваат процедурата, оваа седница би била потребна во хипотетичка ситуација ако на 3 август на Владо Бучковски му беше изречена мерката притвор, да се смета дека Комисијата за мандатно имунитетни прашања дала такво одобрение и за да може таа одлука да се потврди или укине. Бидејќи такви елементи нема, сметам дека расправата е безпредметна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на интервенцијата. Во таа смисла има одредени новини, за овој момент само што закажав една координација. Мислам дека во скоро време од координаторот на вашата пратеничка група ќе дознаете кои се тие новини. А, немам ништо против, сега, кога ќе тргнам јас на координација ќе продолжи да ја води седницата господинот потпретседател Иван Анастасовски, нема ништо против кога ќе ве повикам да разговараме со вас, да знаете, од прва рака да слушнете што имам. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам процедурална интервенција за две работи, ќе биде во едно сега, да добиеме одговор околу одредени прашања.

Прво, деновите се емитуваше некој фамозен спот на Сител телевизија со инсерти од активности од Собранието, односно од официјални седници на комисии, на пленарната седница на Собранието на Република Македонија.

Сакам да ми одговорите дали вие сте запознаени и дали дадовте одобрение за користење на материјали од седниците во правење или режирање на еден таков спот, заради тоа што сакаме да покренеме законска постапка во тој дел ако нема одобрение од Собранието. Заради тоа што режисерот на тој спот не е познат и оди како анонимен, непотпишан, оној кој го има направено оној спот.

Тоа е моето прво прашање што заслужува внимание.

Второто, сакам сега да ве запрашам за работата на Собранието во петокот, некаде при карјот, по кој член од Деловникот на Собранието на Република Македонија беше прекинат говорникот Џеват Адеми и во текот на говорот се даде збор за процедурална забелешка за продолжување на седницата, а се гласаше после 18,00 часот, односно во 18,03 часот. Мислам дека е тоа груба повреда, кришење на Деловникот и заради тоа

барам одговор, пред се заради макодонската јавност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Прво ќе ви одговорам на првото прашање.

Не сум запознат со тоа, ниту сум ја гледам емисијата. Јас слегов од едно село каде што петел не пее.

Мислам дека кога ќе биде тука господинот потпретседател, кој директно претседава на Советото на телевизијата ќе ви одговори Догани.

Што се однесува до втората случка, јас гласањето го прогласив за невалидно и тој е тој одговор.

Сега, ве молам господине Незири земете збор.

Ве молам, се извинувам господинот Рафис Алити бара збор процедурално, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Навистина, објаснувањето што му го дадовте на колегата за случајот со што го прекинавте пратеникот на ДУИ во текот на неговото излагање, господинот Џеват Адеми не држи и не е предвидено никаде со Деловникот на Собранието.

Јас верувам дека вие многу добро знаете дека, за да се продолжи седницата, за да работиме по 18,00 часот, со Деловникот е предвидено до кога може да се даде таков предлог. Најмалку 15 минути порано или пред 18,00 часот, еден пратеник може да даде таков предлог. Во текот на тоа што му се одзеде зборот на господинот Џеват Адеми и предлогот што произлезе во 18,00 часот се тешки кршења на Деловникот на Собранието, за што нешто вие треба да го штитите овој Деловник, затоа што ако ги кршиме овие правила тогаш ќе расправаме или ќе играме една игра без правила, што не е во интерес на овој законодавен дом. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас и на ова го имам истиот одговор. Никој не е безгрешен. Можеби сум згрешил. Но, со самото анулирање на последиците на грешките сум се поправил. Благодарам.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Почитувани колеги пратеници,

Еве, неколку дена Собранието расправа околку проблематиката од претседателството на Собранието по барање на истражниот судија околу случајот на Владо Бучковски.

Покрај тоа што ние, како законодавен дом, претставници на народот, на еден или на друг начин можеби сме ја злоупотребила нашата функција како пратеници, мешајќи се во надлежностите на судот и мешајки се во сите аспекти и правни елементи според кој не ни припаѓа да превземеме такви чекори, покрај тоа што уште на самиот старт имавме доста грешки навистина ме изненадувам и тоа дека односите внатре во Собраниево, меѓу нас пратениците, веќе помина во друга фаза, да не кажам во една театарска фаза, како да се говори за некоја театарска претстав.

Слушајќи ги поранешните дискутанти од минатите денови во однос на ова прашање и забележувајќи ги снимките од Комисијата за мандатно имунитетни прашања навистина како Собрание, но можеби и самиот претседател на Собранието на Република Македонија и од самата Коммисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања, на еден начин се кршат правните одредби и уставните одредби носејќи одлука, дека е донесена една правосилана одлука во насока на одземање имунитет на нашиот колега господинот Владо Бучковски. Со која одлука сакам да ја известам јавноста и вас почитувани пратеници дека немам ништо против да му се одземе имунитетот на господинот Владо Бучковски или на било кој друг пратеник доколку навистина е направено кршење на законот и Уставот. Но, пред се, ние не сме тие кои треба да превземеме конкретни чекори за да обвинуваме, за да критикуваме во насока со што ќе испратиме погрешна порака дека се мешаме во надлежностите во правосудството во целина.

На еден начин, врз основа на ова дека сме имале и од нашата парламентарна група ДУИ и ПДП, на оваа Комисија беше нашиот претставник господинот Адан Јашари, според нашите информации, тој кој располагаше, кој беше внатре и учествуваше на таа комисија, рече дека една таква одлука, со која се вели од претседателот на оваа Комисија, не е донесена таква одлука. Ова говори дека се работи за еден фалсификат што ние како Собрание најмалку што треба е да го отфрлиме.

Што е најлошо, ние, меѓу себе сме колеги и колегиално треба да се однесуваме меѓу нас пратениците. Нашите односи во оваа насока, што можеби треба многу малку меѓу себе да комуницираме со нечовечки елементи, нехумани и неколегијални, со елементи на кршење на секоја одредба и човечки односи, со што фактички едната страна ја обвинува другата страна, во тие обвиненија во суштина не ја кажуваме објективаната реалност, таа може да дојде до израз само во тој мометн кога ќе имаме правосилна судска пресуда , што значи дека го попречуваме процесот, судскиот процес што ќе се одвива против Владо Бучковски. Можеби со разни дезинформации со што се оштетува и самиот наш колега или се оштетува самиот судски процес.

Пред малку кажав во ниту еден момент, на ниту еден начин, не сакам да штитам никого. Ако е виновтен господинот Бучковски нема да го штитам. Мојата заштита е да се заштити процедурата и постапувањето според Деловникот на Собранието судските постапки, уставните одредби, со што ние сме задолжени, бидејќи од нас произлегуваат сите правни одредби. А, некој друг треба да ги применува и споредува во пракса, не ние да ги злоупотребуваме овие законски и уставни одредби. Што е уште полошо. Во минатото во

овие два дена, да не речам и денеска трет ден се употребени потценувачки зборови, навредувачки меѓу самите пратеници како колеги. Сето тоа не е во ред, бидејќи ние го претставуваме народот што ни ја дал довербата. Начинот на нашето поведение, начинот на нашата комуникација за и контра Бучковски не е во ред и не е со сите човечк и хумани начела.

Колку - толку. Најголемиот апел е во насока, во делот на парламентарното мнозинство треба да бидат внимателни, посебно во однос на начинот на промовирање на нивните говори, излагања, ставови, политички ставови, во насока на разни обвиненија за што се произнесов дека треба да бидеме внимателни од нашите обвиненија. Исто така, и делот на опозоцијата има своја одговорност во насока на меѓучовечките односи внатре во Собранието.

Во однос на граѓаните, таму каде сме имале контакти со граѓани во мојата околина изненадени се граѓаните, па велат дали вие како избрани од народот во Собранието, дали имате човечки карактер во меѓучовечите односи. Какви меѓучовечки односи вие зрачите кон граѓаните? Н еден начин состојбата станува напната и надвор од Собранието.

Ова значи една информација и извонредно голема порака, јака порака од нашите граѓани да го сочуваме нашето достоинство, нашата човечност, но исто така да го чуваме и заштитиме секој наш колега во насока на наврedите и кршењата или навредувањата едни кон други. Сето ова значи дека е наша должност, нашите комуникации, ашиот дијалог, нашите дискусии шо ги развиваме во ова Собранието да бидат на потребно ниво, како што ни доликува.

Во поранешните излагања од страна на парламентарното мнозинство на еден начин се промовираше политичка волја со што се бараше независност во насока на заштита, во конкретниот случај на нашиот колега сега Владо Бучковски. Но, ова беше направено тенденциозно и можеби со елементи, да го употребам зборот, на политички линч што се одвива овде во ова Собрание. Што не е наша должност, а ќе кажам повторно е една обврска во судска инстанца. Без оглед што во дадениот случај е Владо Бучковски во друг случај може дас биде секој од нас со разни обвиненија што можат да бидат основани или неосновани.

Но, како и да е треба да се сочува континуитетот и треба да со сочува колегијалниот однос меѓу претниците овде во ова Собрание, што е и наша обврска.

Посебно, тенденциозно беше седницата што продолжи после 18,00 часот и тенденцијата на претседателот Георгиевски, кој бараше да се прекршат одредбите од Деловникот на Собранието, каде после 18,00 часот сакаше да продолжи со работа на пленарната седница. Со тоа му се одзеде зборот на нашиот пратеник господин Џеват Адеми, со тенденциозни елементи да оваа седница продолжи што порано. И покрај тоа, за разни политички интереси сакаа да се прекрши и Деловникот на Собранието.

Апелирам, посебно до сите нас, почнувајќи од себе си, сум да се справиме со корупцијата, да се справуваме со сите кои вршат злоупотреба на работното место, без оглед дали се говори за министер, пратеник или друга функција. Но, треба да се стремиме кон тоа, бидејќи 2001 година беше година на конфликти, 2001 година имавме луѓе кои ги распределија овие финансиски средства посебно за купување оружје за војната 2001 година од министерот за финансии, сега претседател на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски.

Зошто тој до денес никогаш не промовирал една таква политика дека кој направил злоупотреба на финансиски средства знаејќи кој е касата на Владата, во тоа време беше Никола Груевски. Во една изјава на еден функционер, висок функционер, политичар меѓу другото ги вели овие зборови: ние сите крадевме по малку, но имаше и за другите. Зошто не се поведе од Јавното обвинителство, но не би сакал да се занимавам со обвинителството. Зошто не се занимава со овие елементи каде имало злоупотреби. Да почнеме од тој период до денес сите тие кои вршеле злоупотреби навистина да одговараат пред судските инстанци. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Хасипи Кенан, повелете вашите 10 минути.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господин потпретседателе, почитувани пратеници,

Би сакал на самиот почеток да истакнам дека е многу непријатно чувството да се присуствува на седница и да се земе учество во расправа на која сосема погрешно се одлучува да се примени мерката притвор на еден наш колега, поранешен претседател на политичка партија, министер и поранешен претседател на Владата на Република Македонија. И се ќе беше во најдобар ред доколку превземените мерки и активности на органите на прогонот, Јавното обвинителство, истражниот судија, драматичниот тек на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања како и случувањето во оваа јас би рекол вербална гладијаторска арена наречена Собрание на Република Македонија, ни фрлија длабока сенка на владеењето на правото и функционирањето на правната држава. Сакам посебно да истакнам дека борбата против организираниот криминал и корупцијата, рак рана на нашето општество апсолутно ја подржувам и дека носителите на криминалните дејанија треба и мора да бидат изнесени пред лицето на правдата, независно дали се работи за обични граѓани или за носители на било која државна функција. Меѓутоа, она што загрижува и фрла сенка врз искрените намери на Владата да се справи со ова општествено зло е не само селективниот пристап, за што веќе има сериозни укажувања од

страна на меѓународната заедница, туку и начинот и формите на кои тоа се прави што не ретко не се во согласност со Уставот и законите и без почитување на фундаменталните права и слободи на окривените за сторени кривични дела согласно меѓународните договори и конвенции во таа сфера.

Само да ве потсетам дека слободата е највозвишеното човеково право и секоја постапка за лишување или ограничување на тоа право не само што мора да биде поткрепена со несоборливи докази, туку и во согласност со дефинираната правна процедура во такви случаи. Тоа со други зборови значи дека дури и лицата за кои постои основано сомнение за сторено кривично дело имаат свои права и презумцијата на невиност ќе важи се до моментот кога ќе биде изречена правосилна судска пресуда и ќе бидат исцрпени сите правни средства кои му стојат на располагање на обвинетиот. Во спротивно се работи за тешка повреда на правата и слободите на обвинетиот и презумцијата на невиност останува само мртво слово на хартија. Досега почитувани колеги бевме сведоци на низа спектакуларни акции на лишување од слобода и неподелено е мислењето како на истакнати имиња од судската фела, правните експерти, одредени невладини организации, па и Хелсиншкиот комитет за човекови права дека не ретки се случаите кога тоа се прави на начин кој длабоко го повредува достоинството на приведениот, помпезно со силна медиумска пропаганда, која за жал, понекогаш е пропратена со толку приземна реторика која е под секое човечко достоинство. Создавањето на ваква клима не само што нема да допринесе за поефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата, туку напротив ќе предизвика креирање на јавно мнение по кое по секоја цена мора да се најде виновникот дури и таму каде што го нема, бидејќи во услови на висока невработеност, огромна сиромаштија, невидена ерозија на моралот и криминизирано општество, психологијата на масата лесно се обликува во лов на личности кои во одредени периоди биле носители на јавни функции, а ќе признаете дека не сите од нив се корумпирани. Во таква ситуација, почитувани колеги, не функционира правото и правната држава, туку психологијата на масата и силата како гола физичка категорија. Ваквиот приод, колеги, е многу опасен и неминовно резултира со тешки повреди на човековите права и слободи. Правната држава подразбира одговорност за секого кој се огрешил од законот независно на која позиција се наоѓа, но на начин утврден со Уставот и законите на таа држава и со почитување на интегритетот и достоинството на сторителот на кривичното дело. Се друго е насилие и атак на човековите права и слободи. Историјата познава грандиозни судски процеси од Нинбершките па ако сакате и до Хашките. Осудувани се лица за геноцид и тешки злочини врз човештвото како и за кривични дела недостојни за човековиот род, но со стриктно почитување на законската процедура и почитување на човечкото достоинство. Но историјата исто така познава и бројни монтирани политички процеси и човечки трагедии од невидени размери, но пак во името на правото и правната држава. Токму од тие причини секоја постапка на лишување од слобода и утврдување на мерката притвор мора да биде длабоко осмислена, правно валидна и поткрепена со докази, зошто мерката притвор и дефакто и де јуре е ограничување на фундаментално човеково право, право на слобода. Истиот може да биде облигаторен кога тежината на кривичното дело налага негова неодложна примена или како превентивна мерка кога постои опасност да се повтори делото, да се влијае на сведоците и на истражната постапка итн, итн. Тоа значи дека оваа мерка се применува само во јасно дефинирани случаи и на начин достоен за човекот. Пренесено на случајот на колегата Бучковски евидентно е дека превземените мерки и активности не се во согласност со Уставот и законите уште повеќе што се работи за личност која согласно Уставот ужива пратенички имунитет. Задржувањето на граничниот премин Богородица во моментот кога господинот Бучковски се уште го уживал пратеничкиот имунитет, драматичниот тек на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања која под сомнителни околности се обидува да донесе одлука за усвојување на мерката притвор и покрај тоа што согласно Деловникот нема право на тоа, туку да поднесе извештај по кој се изјаснува Собранието на Република Македонија. Одлуката на истражниот судија да не се примени мерката притвор по презентираните докази на колегата Бучковски, преписките со Собранието на Република Македонија, писмениот допис на истражниот судија до претседателот на Собранието, дека се уште опстојува на потребата за мерката притвор и покрај укинувачкиот акт на кривичниот совет, бројните непримерени изјави на носители на јавни функции со кои се врши директен притисок на судската власт, настаните во ова Собрание во кое по секоја цена се инсистира што побрзо да се изгласа таква одлука, кажуваат колку е длабоко инволвирана политиката во сите овие случувања и колку им е тешко на судиите совесно и професионално да ја вршат својата функција. Затоа почитувани колеги кога мораме како претставници на народот да одлучуваме, некому да му го ускратиме основното човеково право, како што е слободата, мораме да расудуваме на начин на кој налага правната процедура без било какви политички влијанија. Зошто човекот во животот од се може да избега, освен од сопствената совест.

И додека сум кај процедурата, имам чувство дека во текот на расправата некои колеги како да сакаат да ја наметнат тезата дека вината постои, но ете постојат ситни повреди на процедурата. Напротив, јас сум длабоко уверен дека не постои

кривично дело што ќе се докаже низ судската постапка. Впрочем господинот Бучковски пред истражниот судија изјави дека нема да се повикува на неговиот имунитет и дека целосно стои на располагање во предистражната постапка. Оттука нема потреба од толкаво брзање, толкава омраза и гнев. Впрочем, ние овде не сме судии, туку законодавен дом кој донесува закони, но и се грижи за нивно спроведување. И на крај, независно каква одлука ќе донесе ова Собрание, останува горкиот вкус дека е премногу трновит патот до демократијата, но сепак вреди да се бори човек за неа, затоа што не е случајна онаа латинска поговорка: правдата и колку да е далечна, сепак е достижна".

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник Светлана Јакимовска, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам потпретседателе.

Само би сакала во интерес на јавноста да кажам, затоа што неколку пати колегата кој што дискутираше кажа дека Комисијата немала право ни обврска, или не знам како, да одлучува.

Членот 51 од Деловникот, ова се однесува за јавноста, затоа што сум убедена дека сите колеги пратеници ја знаат содржината на членот 51. Би сакала да го прочитам: Собранието врз основа на извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања одлучува дали ќе даде одобрение за притвор на пратеникот, не е спорно. Собранието по известувањето за притворањето на пратеник кој не се повикал на имунитет, може да одлучи да се примени имунитетот на пратеникот, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник, што во овој случај воопшто не е ни потребно. Третиот став: ако Собранието не одобри притвор, пратеникот веднаш ќе биде пуштен на слобода. Е, сега ова е најбитно. Комисијата постапуваше по ставот 4 од членот 51 и ставот 5. Ако Собранието не одржува седница, односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок од 15 дена по барањето за одобрување на притвор одлучува Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања која е должна за тоа да го извести Собранието. Ставот 5: Собранието на првата наредна седница одлучува дали ќе ја потврди, или укине одлуката на Комисијата. Со оглед дека од претседателот на Собранието писмено бевме информирани дека во следните 15 дена Собранието нема да заседава. Комисијата беше должна да постапува по ставот 4 и 5 од членот 51. А првата наредна седница токму е оваа наредна седница.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана колешке, со овој исказ докажавте дека се работи за монтиран процес. Зошто? Господинот Бучковски како прво обвинет беше се уште тука и можеа органите на прогонот да го приведат додека се уште работеше ова Собрание. Во меѓувреме се притвори второокривениот, третоокривениот, се чекаше да се оди на одмор за да се даде алиби на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да се повикува на став 4 од член 51 од Деловникот. Тоа сепак, не доликува на едно Собрание.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам,

Почитувани колеги нормално во минутите што се за мене како пратеник ќе се потрудам, но ќе подвлечам дека е моја облигација, затоа што сум и член од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Така што имајќи го во предвид и присуството на претседателот на Комисијата, ќе кажам како јас го доживеав сето ова како член на Комисијата. Би сакал да искажам и мое мислење во врска со тоа што веќе дискутираме три дена. Јас лично како пратеник, како член на оваа Комисија, моето мислење и мојот став во врска со ова што ние дебатираме пред се јас и во самата Комисија не се сложував со таа седница, затоа што моето мислење и тогаш и сега е дека конвокацијата на Комисијата во согласност со Уставот на Република Македонија и Деловникот. И мислам дека, да може да се свика една комисија, во овој случај Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања треба да се почитува членот 117 од Деловникот за работа на Собранието. Таму се предвидува дека Комисијата може да се свика во одредени денови, значи осум дена пред свикувањето на Комисијата. Реално ова не може да се случува, затоа што јас како член на оваа Комисија поканата ја добив четири односно три ипол часа пред одржувањето на седницата на оваа Комисија. Така што мислам дека од аспект на свикувањето има прекршок на оваа одредба. Исто така, за прашањето што се дебатира во Комисијата, дека и во моментот кога почна седницата и во самото ова Собрание, значи што се однесува до оваа одлука, за која ние дискутираме, би сакал нешто да подвлечам уште еднаш, мислам дека нема аргументи за потврдување на спротивното, затоа што така се предвидува во одредбите на Деловникот на Собранието. Станува збор за член 50, став 4 каде на дециден начин оваа одредба или овој став ги облицира Комисијата, во овој случај Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието да му ги достават информациите. Ова нешто не се случи, што значи дека ние како Комисија не сме одобриле информации, така што ние не сме доставиле информација Комисијата до претседателството на Собранието. Така што претседателството на Собранието по член 51 став 5 да може да изјави, да се изјави проодржувањето на оваа седница во Собранието како што е предвидено во овој член и што се случува. Јас носам една информација од претседателот на Собранието кој што има обврска барањето од органите, вклучувајќи го

тука и исражниот судија да се достави до Комисијата. И што прави тој? Со истото барање изјавува, т.е. ја информира Комисијата дека во рок од 5 дена Собранието нема да се одржи, затоа што јас уште еднаш повлекувам дека член 50 став 4 од Деловникот на Собранието е прекршен на флагрантен начин.

Како трета точка, дозволете ми да подвлечам, или да цитирам уште една друга одредба. Што се однесува на работата на Собранието, или пак соработката на Комисијата и со гласањето на одлуката. Доколку се гледа член 75 став 3 каде што на дециден начин и јасен начин кажува дека за одредени прашања доколку има учесници, или членови што не се случи во работата на Комисијата, затоа што сметаше дека многу од вас видоа на седницата или на третиот канал на телевизијата, и дојдовте до констатација дека Собранието или Комисијата донела одлука без почитување на член 75 став 3 од Деловникот за работа на Собранието.

Повторувам, посебно, повторувам уште еднаш, затоа што и на Комисијата тоа го повторив, иако одговорот од претседателот на Комисијата беше дека е итна седница, за работата на оваа Комисија, сепак би подвлекол дека, потенцирам, на таксативен начин е определено на посебен начин, со Деловникот на Собранието.

Во Главата 5, станува збор за седници на работните тела. Во тој дел од Деловникот, повторувам, постојат посебни правила каде се регулираат сите прашања поврзани со работата на работните тела. И, другиот дел, што се однесува до прашањата што не се поврзани со работата на работните тела, може да се регулираат и други правила што не се вклучени тука или што се однесуваат до прашања, правила што не се вклучени во овој дел може да се применат и други делови на Деловникот за работа на Собранието. Затоа јас би повторил уште еднаш дека свикувањето е определено со Правилник и со едно одредено правило.

Уште еднаш повторувам, затоа што времето тече, никогаш јас лично сум бил против оние кои го реализираа, кои извршиле некое кривично дело, јас повторувам дека не сум против ова прашање, но мислам дека е многу добро да се бориме против корупцијата и сите кривични дела. Но, потенцирам дека лично сум против начинот или тоа што ние го нарекуваме процедура на реализирање или извршување на оваа одлука.

Заради сето ова што го кажав досега и тие аргументи што ги искажав, и на Комисијата, но и сега ќе бидам против оваа одлука за која што дискутираме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Ако сакате да дојдете до мене, имам нешто да ви соопштам, би ме задолжиле многу. Нешто да ви соопштам ама подискретно. Ве молам.

Во меѓувреме, за збор е пријавен господин Китановски Лазар, кој чинам, не е тука.

Збор има господин Кире Гештаковски. Повелете вашите 10 минути.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Неколку дена веќе во една мачна атмосфера пратениците разговараат по повод една, тотално, нелигитимно донесена Одлука на Комисијата за мандатно имунитетни прашања. Таа Одлука, нелегитимна, противзаконска и противуставна беше основ за таква иста работа на понатамошните органи, во случај на истражниот судија. Иако истражниот судија и било кој судија и суд треба да одлучуваат по основ на законот и Уставот, а не да се повикуваат на било какви одлуки донесени од разни институции, па макар тоа било и од највисокиот законодавен дом, Собранието на Република Македонија, бидејќи десетици пати досега ова исто Собрание има донесено противзаконски и противуставни одлуки и закони што Уставниот суд, понатаму, ги укинал или поништил.

Најтрагично беше барањето на претседателот на Собранието, господинот Љубиша Георгиевски од таа иста истражна судика, кога истата истражна судика го одби барањето на јавниот обвинител, бидејќи не најде во една нормална, редовна судска процедура, по десет часовно испитување на осомничениот, не најде ниту еден елемент за изрекување мерка притвор и таа го одби тоа барање.

После неколку дена, тоа исто барање на јавниот обвинител го одби и Кривичниот судски совет. За да, после тоа, претседателот на Собранието побара една тотално нелогична, инфалтивна, барање до истражниот судија да се изјасни дали останува на нејзиното барање. Кога, само пред неколку дена, таа иста судика го одбила тоа барање.

Со тоа се ставија сите пратеници во една тотално нејасна ситуација, непријатна ситуација да одлучуваат за нешто што е тотално нереално и нелогично.

Одговорот на истражниот судија, на такво нереално, нелогижно прашање, беше дадена една правна изјава, без никаква правна последица или дејствие и му кажа на претседателот на Собранието тоа што сите врапци во Република Македонија го знаат. Дека истрагата продолжила и нормално, сега, после новите правила на игра, пратеникот може да биде притворен за ова дело, само ако не се јави на некој од регуларните распити што следат во регуларниот судски процес.

Почитувани пратеници,

Да не се залажуваме. Целокупната поента беше пратеникот Бучковски да биде на спектакуларен начин притворен на граничниот премин Богородица и тоа без никаква основа. Бидејќи уживаше имунитет, немаше да заседава Комисијата за мандатно имунитетни прашања и немаше донесено никаква одлука.

Уште долго време нема да издржите, бидејќи ќе ве прочитаат сите граѓани на Република Македонија, почитувани пратеници од парламентарното мнозинство, со секојдневното давање на крв - игри на граѓаните, наместо леб и работа. Секој ден зборувате дека ништо не сте ветиле, крупно пред изборите. Дека сте ветиле само дека ќе работите, чесно, поштено, а резултатите само ќе дојдат.

Дадовте многу тешки ветувања. Дадовте ветувања од типот дека во Република Македонија ќе настане инвестициски бум. Инвестициски бум се подразбира во Република Македонија годишно да влегуваат 500-600 милиони долари, милијарда, ако не и милијарда и пол. За да дочекаме, вашиот експерт, донесен од Америка, за странски инвестиции, каже дека во 2007 година во Република Македонија ќе имало 100 милиони долари странски инвестиции. Па, во Република Македонија, во просек, од нејзиното осамостојување до ден денес има по 100 милиони долари инвестиции. Толку се странските вкупни инвестиции, милијарда и 600, 700 милиони долари во овие 17 години. Па 100 милиони долари имаше во поствоената, 2003 година.

Второто ваше крупно ветување беше дека драстично ќе го намалите бројот на невработените. Односно, ќе го зголемите бројот на вработувањата. Односно, ќе дадете вработување и леб на граѓаните, а не секојдневни спектакли.

Што направивте? Да бидам реален и објективен, не велам дека 50-60 илјади, иако показателите така покажуваат, има нови невработени. Него, наместо да има намалување, има благ пораст на невработените. Една година е мал период за драстично да се намали бројот на невработените. Но, една година е сосема доволен период, да има барем блага тенденција за намалување на тој број.

Третото крупно ветување беше дека ќе го забрзате процесот на Република Македонија во евроатланските интеграции. Што направивте? Го вративте процесот 2-3 години назад. Со инает, држава не се води, почитувани колеги од парламентарното мнозинство. Вашиот премиер и премиерот на Република Македонија е и мој премиер. Секојдневно прави инает со сите. Ама буквално со сите. Со опозицијата, со Албанците, со неговите коалициони партнери. Сега почна да прави и со нашите комшии.

Република Македонија не е некоја економска сила. Најмалку воена сила или стратешка сила, па да прави инает со сите. Република Македонија, во овие 17 години, вистината беше на нејзина страна. И кооперативноста и доброто однесување на Република Македонија, со што се стекнаа симпатии на големите сили од Европската унија и Америка.

Постојано повикувате на некое национално помирување, национално единство. Дојде време кога треба слободно да го избришето тоа име, тој предзнак во вашето име. Секое доаѓање на власт на ВМРО-ДПМНЕ го продлабочува овој јаз. Оваа борба ја носи до совршеноство, до самоуништување. Секогаш почнувате со носење на закони за славење на некој празник на ВМРО-ДПМНЕ, со отворање на некој музеј на ВМРО-ДПМНЕ, со чевствување на сите можни борци од сите балкански, европски и светски држави, освен на партизаните од 1941 година. На која платформа да правиме национално помирување? Како може Словенија, Хрватска да имаат цели екипи за да ја исполнат нивната стратешка задача, влез во Европската унија и НАТО? Како може Косово да има тим на единство за да ја постигне нејзината зацртана цел? Само во Република Македонија да се нема почит кон опозицијата. Не кон овие пратеници. Кон оние стотици илјади граѓани кои им го дадоа тој мандат на овие пратеници. Кои ги претставуваат овие пратеници.

Нема никој против вистинската борба против криминалот и корупцијата. Но, тоа да се прави на еден законски, уставен, регуларен начин. Не се мачете и не правите, не влегувајте во вакви каши. Сите 32 пратеници од опозицијата се подготвени да ги остават пасошите тука. Се подготвени да се откажат од нивниот имунитет. Дојдете, уапсете ги, без вакви спектакли, без вакво губење на време. Наместо 5 часа регуларна работа на Комисијата за мандатно имунитетни прашања изгубивме 20 дена. Не можеше вечерта да се издржи да се донесе регуларна одлука, па сега губиме 20 дена. Само, тогаш ќе им кажете на тие наши избирачи дека од утре, вие, парламентарното мнозинство, премиерот и претседателот на ова Собрание ќе кажуваат до кој степен треба да ве критикуваме, како да размислуваме, како да зборуваме и како на крајот да одлучуваме. А не онака како што е запишано во Уставот. По нашата сопствена совест.

Крајно време е, не е пет до дванаесет, туку е дванаесет и пет минути. Го замолувам парламентарното мнозинство и премиерот на Република Македонија да се сконцентрираме на стратешките национални наши интереси. Да ја прекинеме оваа борба на самоуништување. Бидејќи на опозицијата, одбранбен механизам, најнорјмален ќе биде, да се брани, по било која цена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господин Мендух Тачи не е тука.

Има збор господини Јован Манасијевски, повелете вашите 15 минути.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги,

На самиот почеток сакам да го изразам своето жалење лично и на ЛДП од начинот на кој се одвива расправата во овие изминати два дена. Мислам дека со изминативе два дена придонесовме угледот на Парламентот и понатаму драстично да опаѓа. Сите ние

поединечно и Парламентот како институција, за жал и во оваа можност не покажа соодветна зрелост, па наместо во функција на хармонизација на различните интереси и различните дискуси што постојат, нормално, во секоја демократска држава, беше сведен на арена на меѓусебни навреди, подметнувања од најгруб карактер. Верувам дека изминатиов викенд, сите, како избраници на народот, имавте можност да комуницирате со сопствените гласачи, дека ова мислење, за жал, е неподелено. За таквата слика сите носиме одговорност. Меѓутоа, според моето длабоко убедување најмногу претседателот на Парламентот, заради начинот на водење на седницата.

Генерално, како општество пропуштивме шанса да демонстрираме зрелост во функција на најбитниот параметар, владеење на правото. Имено, многу ретко се случува да биде покренато обвинение против поранешен премиер. Меѓутоа, се разбира, ниту премиерот поранешен, сегашен, ниту министрите поранешни и сегашни не може да бидат иземени и не треба да бидат иземени од соодветна кривична одговорност, доколку сториле соодветно кривично дело.

Меѓутоа, кога се работи за поранешен премиер, мора тој што ја води постапката, тој што ја води постапката, да води сметка целата постапка да биде спроведен без и најмала дамка. Без и најмала флека. Затоа што, доколку се направи и најмал пропуст, се ризикува етикетирање на таа постапка како политижки реваншизам. Што значи Република Македонија изгуби, за жал, една голема шанса преку отпочнување и водење на процес за поранешен премиер, да покаже, да демонстрира зрелост дека е способна да ги почитува сите процедурални, законски одредби.

При тоа, целосно е небитен исходот од таквата процедура. Имено, дали на крајот на тој процес ќе биде констатирана вина или ќе има ослободителна пресуда. Битен е самиот процес. На тој начин, општеството и сите институции покажуваат дека може да водат и најделикатна постапка.

За жал, ние, пред се со однесувањето на претседателот на Собранието, работата на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, уште во самиот старт, фрливме сериозна дамка на овој процес. И сега, работите не може да се вратат назад. До крајот на овој процес, а и после тоа ќе лебди дамката, флеката дека владеачкото мнозинство се обиде, на еден нерегуларен начин, противуставен начин да го одземе имунитетот на пратеникот и да ја забрза целата постапка. И, поради таа нестрпливост на владеачкото мнозинство, ние ќе бидеме соочени да овој случај и практикувањето на правото и процедурата во овој случај, на Македонија, на Република Македонија и донесе негативни поени. Наспроти тоа што можевме и од ваква тешка ситуација да извлечеме позитивни поени, доколку целата процедура беше изведена и без најмала дамка.

За секоја држава, имаше примери и од корпусот на поранешни комунистички држави, меѓутоа и од корпусот на стабилизирани демократии, премиерот, бившиот премиер, не е недопирлива категорија. Напротив, тој може да биде повикуван во процесот на пред истражна постапка, може да биде обвинет, може да биде осуден. Значи од тоа не треба да се прави баук. Меѓутоа, како што кажав, мора процедурата да биде испочитувана, за да нема ниедна дамка на тој процес.

Ваквото водење на оваа постапка го доведе нашиот законодавен дом, Парламентот, на два пари во ситуација да биде понижен. Затоа што првито пат, тоа се случи на први август, кога се направи обид да дефинитивно се прекрши Уставот, членот 64 на Уставот кој е дециден, дека Собранието одлучува. Значи, расправата и одлуката е императивна категорија на Собранието, а не за жал, како што беше направен обид да оваа седница на Собранието, сега, што е беспредметна и бессмислена да биде сведена на техничко - административна верификација на еден фалсификуван и непостоечки акт, како што е предметната Одлука за што денеска свикуваме Комисија.

Прв пат ова Собрание беше понижено затоа што не беше дозволено да се почитува словото на Уставот. И ова што денес го расправаме, две недели после времето во кое што требаше да се расправа биде направено на овој начин. Расправата во Собранието требаше да се одвива доцна на 1 август потоа да продолжи на 3 август се додека Собранието не донесе мериторна одлука. И убеден сум, почитувани колеги дека и дискусиите тогаш ќе беа поинакви и убеден сум дека всушност и најголемиот дел од пратениците независно дали се од владеачкото мнозинство или од опозицијата ќе поддржеа една таква одлука, затоа што нема во тоа да видеа никакво скриено сценарио и обид за пресметка со поранешниот лидер на една опозициона партија. За жал, владеачкото мнозинство и пред се претседателот на Собранието бидејќи тој е одговорен според Уставот и Деловникот да се грижи за овие процеси дозволи Собранието да биде на овој начин биде понижено.

И сега втор пат Собранието се понижува со оваа седница отпочната на 16-ти каде што надвор од секоја деловничка логика Собранието расправа за одлука која што е непостоечка. Вистинското време за да расправа Собранието за ова, како што кажав беше 1 август врз основа на претходен извештај на соодветната собраниска комисија. Ние сега немаме никаков извештај од ова собраниско тело што е скандалозно, затоа што за најбенигни точки секогаш пред да отпочне парламентарна седница пред секој пратеник стои извештајот од соодветното собраниско тело. За жал, за една ваква битна точка ние воопшто немаме извештај на соодветното собраниско тело. Така што самата оваа седница всушност е на граница на својата регуларност, ако не е и нерегуларна. А за нејзината смисленост и предметност говори самиот факт што расправаме

за една одлука која што со стенографски белешки беше докажано дека не е донесено.

Мене особено во оваа ситуација, како што спомнав на два пати ме загрижи со својата изјава во петокот и претседателот на Собранието кој што во една од репликите со пратениците рече дека, денеска ние имаме работа една техничка процедурална точка да завршиме. Ве молам, ова е навистина не примерна скандалозна изјава, затоа што не се работи за техничка точка. Се работи за суштинска точка која што како што кажав и покрај сите деловнички одредби е поставена на собраниска седница на начин на кој што тоа му го овозможува самата положба и овластувања на претседателот на Собранието, меѓутоа која што мора да биде предмет на опстојни анализи и опстојни дискусии, а поготово не и на примена на правото на ограничување кое што е деловничко легитимно право. Меѓутоа, навистина е крајно дискутабилно во вакви случаи да се применува.

Она што е уште пострашно како политичка порака, со оваа дводневна расправа и со настаните кои што претходеа, ние како Собрание, како политички партии наместо единство пративме, испровоциравме пораки на дополнителни поделби меѓу граѓаните на Република Македонија. Јас навистина не знам како после оваа настаната тензична ситуација и Собранието и воопшто политичкиот диалог кој што се одвива ќе може да продолжи нормално, затоа што и една елементарна меѓусебна минимална доверба која што постоеше, после оваа собраниска седница за жал е поништена и навистина искрено стравувам за периодот што не очекува, а тоа е период на наше дефинитивно потврдување за нашата зрелост за добивање покана за членство во НАТО и за борбата што поскоро добивање датум за отпочнување на преговори за полноправно членство во Европската Унија. Мислам дека со оваа седница и со овој начин на водење на овој процес ние до крајни граници го снизивме капацитетот за манифестирање на зрелоста и на политички дијалог. И навистина доколку човек не е параноичен ќе помисли дека токму на сценаристите на овие настани тоа им била и намерата. Република Македонија во овие клучни моменти да покаже една елементарна незрелост и едно елементарно отсуство на способност за хармонизација на клучните државни интереси. Дај боже времето и настаните да ме демантираат и да се покаже дека во претстојните месеци кои што се исклучително значајни дека овие епизоди ќе бидат заборавени и дека ќе може да го воспоставиме потребното ниво на соработка.

Пратеничката група на ЛДП нема воопшто да гласа на оваа седница, затоа што одлуката што е на дневен ред е непостоечка, таа е фалсификувана. И сметаме дека доколку гласаме со нашиот глас само ќе потврдиме, без разлика дали е позитивен, или негативен, изјаснување по една фалсификувана одлука и на тој начин нешто што не треба да биде ниту на крај на памет на некој начин да верифицираме фалсификувана процедура во законодавниот дом. Затоа воопшто нема да се изјасниме по оваа одлука, затоа што и самата одлука е нелегална, фалсификувана и самата седница која што произлегува од ваква одлука е безпредметна.

Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално, Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Имајќи ги во предвид новите сознанија кои што вие ги изнесовте на координацијата што ја имавте со пратеничките групи од името на СДСМ барам половина час пауза, заради тоа што новите информации фрлаат ново светло врз денешнава седница.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(пауза од 12,23часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,58 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

За збор, за процедурална интервенција се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници,

Јас се извинувам што по завршената процедурална расправа, во која се побара пауза побарав да ми се објасни, ова е процедуралниот дел а си го задржувам правото за говор, затоа не ме исклучувајте, јас сум пријавен за збор после госпоѓата Радмила Шекеринска. Во еден разговор со господинот Јован Манасиевски кој побара да се јави за збор, јас му реков дека не може, по некое чудо на техниката, денеска сите времиња се чудни, господинот Манасиевски се најде пред мене. Бидејќи сите пратеници во овој Парламент, без разлика дали се лидери, или независни пратеници ќе ве молам како претседател на Собранието, бидејќи еднаш вие имавте една пријатна реплика во делот меѓу нас, до крај да го испочитувате човештвото и да ги третирате вие, ако е ваша грешка, ако не не знам кој друг, пратениците без оглед дали се самостојни, независни, дали се лидери на политички партии, во делот на општата расправа, каде што има тврдо утврдени правила да бидат подеднакво третирани. Во делот од мојот говор ќе кажам како во расправата во четвртокот еден од пратениците кој што учествувал во некој ред се издвојува и заради припадност во нешто друго се мери така како што не бидува.

Ќе ве замолам во иднина на тоа вие да внимавате и ако не е грешка јас лично вам ви се извинувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас на ова ќе ви одговорам едноставно. Чинам дека не бевте, но уште на првата седница посветена на оваа тема во сценариото влезе тоа, читајќи го сценариото

на седницата јас пледирав прво да се почитува првиот принцип - да се почитува презукцијата на невиност; вториот принцип да се почитува неприкосновеноста на судот и третиот принцип да се почитува дигнитетот на Собранието.

Мислам дека денес нема таква потреба тоа да се повтори, но тоа го повторувам заради тоа што можеби вие тоа не го знаевте. Тука нема никаков проблем.

Што се однесува до вашиот ред за збор ве молам после госпоѓа Радмила Шекеринска беше Есад Рахиќ.

Ако немате ништо против повелете госпоѓо Радмила Шекеринска, вашите 15 минути.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Би сакала да почнам со информација кои беа двете правила од кои се водеше СДСМ во подготовка на оваа тешка, лоша седница која сите сакаме што побрзо да ја заборавиме, а нема да можеме. И двете правила кои што СДСМ ги почитуваше за време на седницата во изминатите 2-3 дена.

Првото правило, правило кое што ќе го браниме и на оваа седница, ама ќе го браниме и од утре е дека никој не смее да биде заштитен во борбата против криминалот и корупција. Никој, од највисока до најниска позиција. Припаѓам на оние луѓе кои што сметаат дека одговорноста е повисока за оние кои што се наоѓаат на поважни, повисоки, повлијателни функции. Токму поради тоа велиме никој, без разлика на функцијата, без разлика на страната на која што седи не може да биде заштитен во борбата против криминалот и корупцијата. Тоа е правило кое што СДСМ ќе го почитува и кога се однесува на мене, и кога се однесува на други пратеници на СДСМ и кога се однесува на било кој граѓанин на Република Македонија. Јас не знам за ВМРО-ДПМНЕ, според она што се случува овие денови имам впечаток дека тие не го делат ова мислење, меѓутоа СДСМ нема да го штити никој кој што се огрешил од законот.

Второто златно правило за кое што се држевме изминативе денови е првото правило на демократијата. Првото правило кое што важи во секоја држава каде што човековите права се загарантирани со Уставот и законите. Тоа е дека никој, ама апсолутно никој не може да биде ниту суден, ниту осуден особено не од страна на политичари, особено не од страна на пратеници се додека тоа не го каже судот. За жал колеги и колешки ова правило често пати се кршеше во изминатите денови. Ова правило го заборавивте како парламентарно мнозинство и на први август, го заборавивте и минатата недела. И немојте да се чудите зошто опозицијата напаѓа, немојте да се чудите што медиумите во напаѓаат и немојте да се зачудите што извештаите кои во моментот се пишуваат за Македонија нема да бидат розови, заради тоа што ова основно правило, она што ја прави Македонија демократска држава.

Јас денеска нема да говорам за процедурата и нема да говорам за илјадниците грешки што беа направени, нема да говорам ни за фактот дека законот и правото и правдата зависат од таа процедура, бидејќи многу пати тоа беше споменато. Меѓутоа, денеска сакам да кажам дека темата на денешната седница не е ајде да се натпреваруваме кој ќе каже повеќе и полошо за Владо Бучковски, за СДСМ, за претходните влади, за министрите, или било кој, како сакате кажете. Тоа денеска не е темата.

Денеска мислам дека сериозната тема која му се постави на ова Собрание од први август наваму е дали ние како Собрание и ние како пратеници дозволуваме да градиме држава базирана на страв. Страв од власт, страв од реваншизам, страв од сила, страв од неправда, страв од заборавање на Уставот и на законите. Мислам дека е тоа темата на денешната седница за која што дискутираме веќе неколку дена. Мислам дека е ова темата на која што парламентарното мнозинство го падна испитот.

Јас сакам денеска да настапам најпрво со три аргументи зошто мислам дека во овој случај прашањето не е правда и право, туку прашањето е страв, секаде и за секого. Примерот еден е познатото сценарие за кое што на долго и на широко говориме во овие парламентарни клупи. Јас се потсетив пред неколку дена на состојбите од 1998 година и 1999 година кога слично парламентарно мнозинство беше на власт и кога еден од министрите го кажа отворено тоа што сите негови колеги го мислеле. А тоа е ние ќе направиме се за да владееме сто години. Она што се случува во Македонија веќе подолго време е сличен план, план конструиран во врхушката на ВМРО-ДПМНЕ. Како да се владее сто години и како на граѓаните да им се одземе шансата реално на избори да се изјаснуваат. Сценариото е многу јасно и многу познато. Дајде да ги уништиме сите оние кои можат да бидат наша алтернатива. Тоа е опозицијата. Потоа, ајде да ги уништиме сите оние што можат да кажат нешто различно од она што ние го поставува сто пати. Тоа се медиумите. Тоа се сите оние слободно мислечки луѓе во Македонија кои што се обвинуваат денеска од страна на власта дека се непријатели на народот. Значи, сето тоа можеби ќе беше во зоната на шпекулации. Ќе беше во зоната на шпекулации дали власта има или нема изработено список на егзекуции, политички, правни, секакви. Ако имав дилеми на седницата минатата недела ми се потврдија црните потврдувања дека такво сценарио и такви планови постојат. Доволно беше да се појави еден пратеник од опозицијата и да каже нешто што не ви допаѓа господа пратеници и одеднаш некој од овој дел на Собранието (покажува со рака кон клупите каде што седи позицијата) и да му каже “Ајде, ајде, немој ти да зборуваш, и ти си на списокот”. Па, кој е тој список господа пратеници. Кој е тој список и кои сте вие што знаете таков список.

Вториот аргумент дека во овој случај се создава страв се случувањата во пресрет на оваа седница, а тоа е држењето на еден од пратениците неовластено на граница. МВР може да излезе со 100 соопштенија кои доцнат 15 дена, не знам дали тоа го забележавте и да кажат, пазете "пратеникот кој брзал да стигне на Комисија всушност уживал на граничниот премин бидејќи пиел кафе и сок". Мислам дека полицијата смисли идеален план не им треба веќе притвор господине Велјаноски. Нас не ни треба притвор. Полицијата ќе не држи 30 дена и ќе ни даде сок и кафе. Тоа ли е правна држава?

Третиот аргумент е она што се случуваше на Комисијата и она што се случува денеска, завчера, пред три дена, пред четири дена во Собранието.

Овде слушнавме 10 изјави дека СДСМ, Владо Бучковски, било кој од фамозниот список треба да докажат дека се невини ако сакаат да не им се суди на овој суд во Парламентот. Тие треба да излезат со аргументи и да потврдат дека немале ништо. Па, каде го има тоа господа пратеници. Во кој суд, во која демократија и во која правна држав?

Да не беше дискусијата на неколку пратеници ќе мислев дека знаете за што дискутираме, меѓутоа овде од неколку ваши колеги беше кажано следното: "Собранието само технички треба да донесе одлука да се одземе имунитетот". Токму тоа е прашање, еве сега ќе се искоординираме, ќе се собереме, ќе изгласаме и помина. Па, господо пратеници ако тоа беше техничко прашање немаше во Уставот да стои дека имунитетот го одзема Собранието. Зошто тогаш имунитет? Ќе си одлучуваше истражниот судија, ќе си бараше обвинителството, не ни требаше Собранието. Меѓутоа, работите се малку посериозни и затоа би сакала да кажам три причини сега зошто јас и пратеничката група на СДСМ нема да поддржи вакво гласање како што барате вие како парламентарно мнозинство.

Прво, заради тоа што веруваме во светото право и правило дека истрагата треба да го прикаже и покаже виновникот. Истрагата треба да потврди дали имало нешто незаконски или не, а не да си играме суд овде. Ќе ве потсетам дека во минатиот собраниски состав, тоа не го споменувавте кога ги влечевте паралелите имаше најмалку два пратеника, на кои што јас можам да се сетам, ќе ме поправите ако има уште некој против кој беше покрената истрага. Исто обвинителството испитуваше, истражниот судија испитуваше итн, никој во Собранието на одлучи да им го одземе имунитетот, затоа што имунитетот не е пречка да се води истрагата. Имунитетот нема да го попречи судот да ја донесе одлуката.

Втората причина, она што го велите вие како аргумент кој целосно не држи, ќе се бориме против организираниот криминал и корупција на тој начин што ќе го одземаме имунитетот. На овој начин ќе го решиме проблемот на Македонија што е на 104 место по перцепцијата на корупција. Кога зборувавме малку за ОКТА, тоа беше една од крупните, меѓународно стекнати причини поради кои што Македонија дојде на 104 место. Не е единствена, ама една од крупните. Ако на тој начин се решава проблемот со корупцијата господа пратеници јас ви предлагам дајте да го земеме имунитетот на сите пратеници бланко. Ќе го земеме имунитетот, меѓутоа никој од ВМРО-ДПМНЕ, ниту минатата година кога се менуваше Уставот, ниту сега не поднесе таква иницијатива. Тоа е правото, не да импровизираш кога ќе дојде еден случај, туку ако така мислиш, ама вие не мислите така, се иницираше измена на Устав и на закон, па тоа кога ќе го направиш ќе кажеш од 104 место се симнавме. За жал господа пратеници на ВМРО-ДПМНЕ само се качуваме на таа листа, вие покажувавте, од 50 на 104 место.

Третото и најважно од се колеги пратеници, ова нема крај. Ова нема крај. И, она што е страшно и вие самите не забележувате како полека ја преминавме црвената линија. Како полека зборовите кои во секоја сериозна држава би требало да не уплашат. Кај нас веќе не ги забележуваме ни ние, дури ни ние како опозициони пратеници, па дури ни јавноста. И би сакала да ви кажам неколку примери за да се надевам кај еден дел од пратениците проработи не совеста, туку да проработи разумот. Еве ви на пример еден од многуте текстови во весници кој излегоа после многуте брифинзи во МВР. Вели: "Полицијата годинава поднела преку 100 кривични пријави ... против лица што ја злоупотребиле својата положба". Нема наводно, нема можеби, нема сомнеж, ја злоупотребиле положба. Полицијата поднесува пријави, полицијата заклучува дека ја злоупотребиле положбата. Ова во секоја држава би значело оставка од некого.

Вториот пример е она што го изјави, ми се чини портпаролот на МВР, а тоа е дека нема да разговараат, макар и кога имаат жалба од одреден граѓанин, на која што реагира Обдуцманот за оние кои биле во крим евиденцијата. Во која држава тоа постои господа пратеници. Во која држава тоа постои? Прво полицијата ќе собере наводно докази, па обвинителство ќе поднесе случај за наводна злоупотреба или криминал, а МВР веќе ве избришало од списокот на граѓани. Вие не сте граѓанин, вие сте обвинет, вие сте оптужен и осуден за нив.

Третиот пример кој малку има врска со случајот, едно многу симптоматично соопштение од полицијата, која веднаш реагираше кога беше нападнат еден од директорите политички. И вели "полицијата одлучила дека нема причина за одговорност на директорот". Полицијата одлучила дека нема одговорност за директорот. Тоа беше оној случај кога наводно некои терористи ја напаѓаа Владата, ама МВР и Владата имаа различна верзија на случувањата и кога побаравме одговорност од едниот од директорите тие велат полицијата одлучила. Јас

ви го поставувам главното прашање - кој во оваа држава е полиција? Министерката што не беше тука и покрај терористичкиот напад, или полицијата се наоѓа во некои невидливи структури на моќ, кои никаде не се дефинирани. Значи, не е полицијата министерката која би требало да одговори зошто не бара одговорност од директорот. Не е полиција ни Владата која би требало да одговори не бараме одговорност од директорот, или не да дај Боже Собранието. Некоја полиција која никој не може да ја фати ни за глава, ни за опашка одлужи дека нема одговорност. Ова само го покажува или докажува стравувањето на голем дел од демократската јавност дека во Македонија не владее правото, дека во Македонија владеат структури кои не ни се сосема познати, но веќе се назираат. Во Македонија владеат неколкумина кои испреплетени со различен бизнис и приватни интереси одлучуваат денеска ќе ве има, или ќе ве нема. Ќе бидете обвинет, или нема да бидете обвинет. Ќе бидете суден во Парламентот, или нема да бидете суден.

Господа и госпоѓи пратеници ако законот не важи за сите, ако не важи за секој пратеник, министер, граѓанин, сеедно, тогаш тој не е право, тој е инструмент. А ако правото стане инструмент тогаш тој инструмент некој го злоупотребува.

Јас сакам да завршам само со два совета, кои што очигледно господинот Груевски ги почитува во рамките на своето политичко дејствување.

Едниот совет кој што го слуша без да плати консултански услуги ќе видите зошто, а тој е следниот. Настапи со голема лага. Само големите лаги минуваат. Направи ја да биде едноставна за да секој може да ја разбере. Повторувај ја илјадници пати, на крајот ќе ви поверуваат. Тоа го имаме на дело сите овие 12 месеци. Големи лаги, илјади пати повторувани, кои што се трудат да ја излажат јавноста.

Вториот совет е насочи го целото внимание на јавноста, не кон нивните проблеми, туку кон единствениот непријател, внатрешен и надворешен. Тоа Груевски го прави континуирано. Единствен проблем кој го имате господа и госпоѓи пратеници е што овие два консултански совети, за кои Груевски не мора да плати се неколку пати повторувани и познати реченици на еден лош човек од историјата, Адолф Хитлер. Еден е чекорот кој што го правиме за да стигнеме во лоши состојби.

Вие ќе велите дека измина времето. Јас ќе ви кажам измина времето на таквите политичари и на таквите политики. Денеска се чувствувате силни затоа што сте многу во Собранието, мнозинство, меѓутоа времето минува, а ваквите грешки, за нив носите сите одговорност, особено вие што довикувате од своите места. Особено оние кои што не сакате да чуете. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Во името на пратеничката група на ЛДП, со оглед дека имаме одредени активности кои што се во корелација со ова што сега се дебатира бараме пауза од половина час.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, кој друг бара збор, процедурално, Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Предлагам после мојот говор, големата пратеничка група ЛДП има координација, затоа што по втор пат од дневните редови ми се оспорува правото да го кажам своето мислење. Ставете го на гласање тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Кога ќе решам за тоа ќе го земам и тоа предвид.

А сега, би сакал од причини за да е течна целата дискусија, ако има реплики, затоа што по половина час пауза репликите се ирелевантни, ако има реплики да ги слушнеме тие реплики па потоа да одиме на пауза.

(Реакција на пратениците од место)

Не дозволувате реплики, добро, немам ништо против.

Пауза половина час. (Пауза од 13,18 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 13,51 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве молам, кој од новопријавените овде се за реплика.

За реплика се јавиле госпоѓа Куновска, госпоѓа Лалчевска, а господинот Оровчанец дали е тука? Бидејќи тој не е тука во моментот после ќе го прашаме него.

Повлете госпоѓа Куновска вашите 3 минути, реплика.

**Јагнула Куновска:** Почитуван претседателе, колеги пратеници.

Јас се јавив за реплика бидејќи сметам дека нема потреба како правник да земам збор и да држам говор во ова Собрание, од причина што работата на Собранието е правно насочена, а само опозицијата сака воопшто да ја скрене на некој правец кој одговара на нејзината дневно политичка мисла.

Јас ќе се обидам сосема кратко, на говорот на госпоѓата Шекеринска да дадам реплика.

15 минутен говор слушавме од пратеник кој е претседател на една политичка партија, со намера да ја ревитализира партијата и сметајќи дека со овој говор токму ќе придонесе за такво нешто. Меѓутоа, да кажам, не може политиката да биде во служба на правото и не може ние дневно политичките интереси да ги оствaруваме на тој начин што ќе го користиме правото.

Колку што знам госпоѓата Шекеринска по професија е електричар, не работела на својот занает, а правото е сосема друг занает. Затоа, нека не се обидува правните термини во ова

Собрание да ги разглобува така како што неа и одговара. Се служи со исечоци од новини и вели, обвинувајќи ја власта, полицијата одлучила, конкретно на некој директор да не му се суди, или не знам што беше. Полицијата не одлучува и за тоа не е виновна власта, виновен е новинарот што исто како и неа се служи погрешно со правните термини сакајќи да каже нешто.

Второ, реплика давам на тоа што посочи дека од двајца или тројца пратеници во минатите мандати имало барање за спроведување истрага, исто така, за несовесно работење во службата и за нив ова Собрание не одлучувало за одземање на имунитетот. Така е, меѓутоа ова Собрание да одлучува за одземање на имунитетот односно за потврдување мерка притвор, треба такво барање да има од надлежна институција, конкретно од судот. Ако нема не може своеволно Собранието да одлучува, дури и по барање на нас пратениците.

Исто така, вели, никој не може да биде прогласен за виновен пред да му се суди со правосилна судска одлука. Сосема точно и кога реков дека ова Собрание работи во правна насока, велам, од причини што ние од позицијата воопшто не се обидуваме да влегуваме во суштината зошто пратеникот е обвинет односно осомничен за кривично дело и кои се фактите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, господа пратеници.

Пред извесно време во соседна Србија почна еден случај поврзан со трансфери на пратеници од една во друга политичка партија при што беше отворено прашањето дали зад таквите партиски трансфери стојат корумптивни интереси кои дефинитивно се криминал. Јас би препорачала и на нашата Антикорупциска комисија да ги разгледа овие настани и во македонското Собрание, да види зошто некои пратеници пред изборите се претставуваат со едно име, со име на една партија, а потоа откако ќе го добијат мандатот на граѓаните наеднаш, нагло прифаќаат и друга партија и преминуваат во неа. Заради тоа, се додека Антикорупциската комисија не се произнесе за случајот на пратеничката, не чувствувам за потреба да реплицирам со луѓе кои така лесно ги менуваат и партиите и ставовите, едноставно без предметно е. По месец дена треба и сама себе да си се демантира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Повелете госпоѓо Лалчевска вашите 3 минути за реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Согласно Деловникот, би сакала да исправам или да допрецизирам искажани наводи во говорот на почитуваната госпоѓа Шекеринска во делот на изјаснувањето дека во минатиот мандат за два или три пратеници била водена истрага. Јас не знам дали била водена истрага, тоа може да го знаат органите на истрагата, меѓутоа се чувствувам повикана да допрецизирам затоа што јас бев член на мандатно имунитетната комисија и во минатиот мандат и во овој, можеби сум сега единствен пратеник кој во двата мандати бил член на оваа комисија, па оттука доаѓа мојата повиканост да дадам објаснување околу ова. Имено, Собранието ќе одлучува за имунитет само доколку надлежниот орган т.е. истражниот судија побара такво нешто од Собранието. Во минатиот мандат немало такво барање до Собранието. Тоа е вистината. Сме расправале само за имунитетот на еден пратеник.

Исто така, Собранието може да расправа за имунитет на пратеник и во случај кога пратеникот не се повикал на имунитет и судијата го известува Собранието за таквата ситуација. Тогаш Собранието може да расправа, за тогаш пратеникот да се повика на имунитетот, доколку тоа е важно за вршење на неговата функција. Такви два случаи се предвидени во Деловникот, меѓутоа немало барање ниту пак имало неповикување на имунитет на некој од колегите од минатиот состав или од овој состав, за да расправа Собранието. Ова Собрание само два пати расправало за имунитет на пратеник, во минатиот состав за господинот Љубе Бошковски и во овој состав за господинот Владо Бучковски.

Јас како член на оваа комисија морав тоа да го кажам за да нема недоречености во јавноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Една минута контра реплика за госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Мислам дека со пратеничката Лалчевска и не збориме околу различни работи.

Значи точно е дека за другите пратеници немаше барање, апсолутно е точно. Не дека Собранието рекло не. Немало барање. Меѓутоа, тоа само ја потврдува мојата теза дека судскиот процес може да тече и правдата може да се пронајде и без да се одземе имунитетот и без пратениците да се притвараат и без да им се ограничи движење, особено ако со нивното однесување се покажало дека не бегаат. Значи, јас сум убедена дека дел од сценариото беше ако може да се создаде и привид дека се бега. Оваа ситуацијата е не беше така.

Значи, интересно е зошто веќе истражните судии речиси по правило преминуваат кон притвор.

И последно. Зарем мислите дека е случајно што овој пат за разлика од минатиот, надлежниот судија одлучи да не дојде на комисиска седница. Зарем мислите дека е случајно што и од Обвинителство нема немаме никој. Зарем мислите дека е случајно што денес не доаѓа никој. Очигледно е дека од нешто се бега и нешто се крие.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Со оглед на времето, давам еден час пауза за рузек. Продолжуваме во 15,05 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

Збор има господин Есад Рахиќ, повелете вашите 10 минути.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Особено ми е драго, бидејќи неколку процедурални постапки имам можност да го кажам своето мислење за случајот, бидејќи деновиве ми кажаа дека дел од колегите пратеници прашувале каде сум и дали сум тука да го бранам колегата Бучковски. Затоа, нема да зборувам во својство на адвокат на Бучковски и на никого, туку ќе го кажам она што го чувствувам како човек и како пратеник. Ханибал Анте Портас старите римјани ги плашеа своите деца со Ханибал кога беа лоши. Најверојатно, на академијата на ВМРО Хаденауер ќе ги плашите младите ВМРО-чиња со изреката Еско е на вратата. Ќе ја држи вратата не не пушта да одиме во Европа. И, тоа да не беше трагично ќе беше смешно и ќе беше исклучок. Синоќа или вчера, успеав на една од телевизиите да видам еден спот во кој што има снимка од седницата на Комисијата во која што во главна улога сум еден од тие луѓе и силување на демократијата, тероризам и слично. Бидејќи, верувам во демократијата и во капацитетот на вас како пратеници и наш заеднички носам една касета и предлагам на таа невладина организација, што веројатно работи во рамките на некој информатички центар, на некоја градинка која што креира политика, да го види случајот на тропање, симулирање на носење на жолти ленти од страна на потомците на Евреите во Република Македонија кои што истите ги испратија во Аушвиц и слично и бев сведок на одземање на картицата на тогашниот претседател Јордановски и негово оневозможување да ја води седницата.

Почитувани дами и господа, драги пријатели и колеги, ако јас сум терорист, тогашниот лидер на опозицијата со таквиот чин треба да биде Осама Бин Ладен. Џабе американците го бараат во Кандагар, нека го побараат во Македонија. Малку избричен, среден, ама тука е. Ако моите колеги терористи, тогашните пратеници кои што го правеа истото се Талибанци со една разлика, кај Талибанците се почитува процедурата и имаат шеријарско право, кое што јас не го оправдувам, меѓутоа го почитуваат. Токму непочитување на процедурата ме натера да реагирам така како што реагирав. Точно е дека имаше не двајца, тројца пратеници кои имаа обвинение дека ја злоупотребиле службената должност. Точно е дека тогаш судот не побара. Во ред, судот побара и се покажа дека нема основа за притворање на пратеникот Бучковски и јас не знам зошто оваа рашомодијада трае. Имаме и други информации и сметам дека губиме време, затоа што не Владо Бучковски, не Есад Рахиќ, не ти или било кој од нас, почитуван колега не можеме да избегаме од законот, затоа што законот и Македонија е над сите. Јас ја подржувам борбата против криминалот што ја води оваа Влада. Се надевам дека по завршување на овој случај, ќе се отвори случајот ОКТА, па ќе одговара господинот Герогиевски. Ќе се отвори случајот Фершпед, па ќе одговара господинот Штерјо. Ќе се отвори Мајкрософт, па не дај боже ќе одговара и државникот и така ќе заврши до последниот актер, господинот Груевски, кој што ќе биде доблестен и ќе се самоуапси. Ако самиот докаже за националната платежна картичка и во случај на даночна инвазија кога беше министер за финансии направи крупен финансиски прекршок кој што Македонија ја чинеше милијарда и двеста милиони евра.

Она што мене ме боли е тоа што ние, дами и господа, се расправаме за една безпредметна расправа. Ако истражниот судија и кривичниот суд утврдиле дека нема основ за притвор нема за што да расправаме за одземање на имунитетот. Судот ќе си ја тера работата, не Есад Рахиќ со држење на врати, не СДСМ обединето или не знам кое, господ нема да го спаси Владо Бучковски да одговара. И, ако згрешил ќе оди таму каде што му е место, затоа што не згрешил само кон Македонија, згрешил и кон мене и кон мојата фамилија, кон моите деца, кон вас и кон сите нас. Тоа истото го пожелувам на сите што се огрешиле од законот, меѓутоа тоа да се направи во една процедура што ја има во Уствот и законот. Токму и затоа Европа и НАТО не прашуваат дали имаме демократски капацитет и институции да го спроведуваме тоа право. Затоа, сакам да кажам нешто што мене лично ме боли. Во 1999 година бев предмет на следење на работа на тогашната управа на УБК. Да ве потсетам, ВМРО беше на власт и ме испитуваа како исламски фундаменталист. Дури тогашнот директор на УБК, подоцна министер за внатрешни работи, мој драг пријател, кој за жал, сега не е со нас, се надевам многу брзо ќе биде повторно со нас, се смееше. Подоцна се случи истото само што од една колешка кога Есад Рахиќ не е присутен ме нарекува терорист од Ал Каеда. Вечерта, почитувана госпоѓо, кога јас ја држев вратата 3-4 минути со желба да се вратиме назад на процедурата и да дозволите нашите предлози да бидат ставени на гласање и најверојатно ќе ја истеравте процедурата, за среќа не фативте на полиција, бевте во право, бевте мнозинство и јас изразив само волја со задржување од 3-4 минути да го заштитам правото на малцинството, бидејќи цел живот сум малцинство. Затоа бев и малцинство и во партијата каде што бев и затоа така завршив. Меѓутоа, заврши така како што заврши, добив кривична пријава. Бидејќи во Република Македонија е во мода да се тужиме и бидејќи прв пат сум тужен, така слушнав од средствата за

јавно информирање и подготвен сум да одговарам за тоа, решив и јас да тужам, со тоа што почитувана госпоѓо Надица Тулиева Танчева, за која што за жал после една година во Парламет, дури и името не ви го запамтив, затоа што немаше некоја дискусија по која што ќе бидете запоменти, а лично ви се извинувм за начинот на кој што ви се обраќав вечерта. Инаку, претседателката не ни дојде до вратата за да и го ограничам првото на движење, ако се сеќавате и погледнете ја снимката, јас ги замолив моите колеги, бидејќи беше безпредметно, затоа што вие бевте диригирани од некој друг центар да го правите тоа што не го сакате, ги замолив да ве слушнат и вие искочивте. Ми беше страв да на влезат луѓето што беа надвор со црни капуљачи, тие поранешни ваши членови или лавови членови на единицата за брзи интервенции, кои имаат навика после 12 часот да владеат. Јас се грижев за вашата сигурност, можеби ви е смешно, процесот уште трае, за разлика од многу други што брзо ги затворивте. Правдата ќе победи, спора е, но сигурна.

Затоа, почитувана госпоѓо, чие што име не го запомнив лично ви се извинувам за начинот на кој што конверзирав тогаш пред цела македонска јавност. Меѓутоа, за да сфатите дека правото е подеднаков за сите, прво, според член 319 од Кривичниот законик, ќе добиете една мала кривична пријава, вие веќе сте биле оптужувани за некои неплатени сметки, но тоа не го сметам за ирелевантно, се смеете, значи знаете како изгледа, јас не знам како изгледа, каде што вика дека според делото став 1 што го врши злоупотреба на положба, бевте пратеник, ќе се казни со затвор од 1 до 10 години. Ќе мора да објасните зошто Есад Рахиќ од пет пратеници, не слушате што ви кажуваат, ќе ви запишат тие што ви го пишаа говорот, зошто Есад Рахиќ го издвоивте од 6-7 пратеници Игор, Рилкоски, Бучковски, името ли ви лепи. Вие можете да зборувате што сакате, може да се трудите да зборувате на албански, сте се дотерале, сте се избричиле, европски делувате, меѓутоа начинот на делување е ист како во 1993 година кога ја спречувавте изградбата на домот за бегалци од Босна и Херцеговина, кога ги сечевте канџите на орелот, тоа е првиот дел. Вториот дел, запомнете, има писма до амбасадорите на Европската унија и на НАТО да им објасните како претседателот на Комисијата за контрола на разузнавачките служби талибанецот Есад Рахиќ кој ви прави кворум, кој што против ставовите на својата партија за кој што бев исклучен, гласаше за вашите, затоа што сметам дека има нешто што е над СДСМ и над ВМРО, тоа е Македонија. Ќе треба да им објасните како сум јас претседател на таа Комисија и како долго сте ме трпеле.

Трето, ќе мора да му објасните на вашиот лидер како пратеникот кој што беше подготвен да гласа за она што на Македонија  и носи добро, затоа што оваа Македонија е поголема и од вас и од мене. Ова не е мојата Македонија, ова не е Македонија на илинденците, на асномците, ова не е Македонија на Гоце и на Даме како поле за културен натпревар, туку поле за вреѓање меѓу нас. Јас се грозам од тоа. Не е Македонија на Ченто, не е Македонија на Кочо Рацин, не е наша заедничка и затоа сакам да ја смениме. Затоа, сметам дека треба да му кажете на вашиот премиер и претседател зошто нема да гласам за Судскиот совет, не сум сигурен кога ќе ги поставите судиите затоа што попреку сум ве погледнал во Собрание, нема да ми стегнете кривична пријава. Затоа, се слагам дека треба сите да се откажеме од имунитетот да им се најдеме на судиите кога ќе им притреба. Тоа е најубаво. Затоа, дозволете, сметам дека оваа седница, претседателе, треба да ја прекинете, депласирана е. Имаме елементарни непогоди и суши, имаме поплави, имаме горење на шуми, имаме птлиџан кој што кој што чини 50 денари, имаме и пиперки кои што чинат од 30 до 50 денари. Мислам дека ова Собрание треба да носи поважни одлуки. Имаме криза во соседството, која што нашите институции, почнувајќи од претседателот на државата до премиерот и останатите, немаат капацитет самите да ја решат, а тоа е освен што ќе видат НАТО и Европа дали сме способни да бидеме функционална демократија да расправаме за тоа. Бидејќи, СДСМ рече дека е против поделба на Косово. ДУИ и ДПА исто, останатите, треба уште ВМРО-ДПМНЕ, ако не е договорено друго со Ѓелиќ да каже дека е против поделба на Косово и ние да донесеме став да расправаме во ова Собрание што и да се случи Македонија ќе биде таква каква што е целосна и единствена и дека одлуките на меѓународната заедница ние ќе ги прифаќаме. Затоа, уште еднаш апелирам да и ставите крај на оваа рашомонијада, да ставите крај на трошење три дена непотребно пари од овој сиромашен македонски Буџет и да се посветиме на нешто друго што ќе може да носи придонес, ќе го оправи овој народ и ќе го однесе таму каде што му е местото во нормална, современа и богата Европа. Може да го земете ЦД-то и да го дадете на невладините организации.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики имаат Танчева Тулиева Надица и Куновска Јагнула.

Повелете, госпоѓа Танчева, со вашите три минути.

**Надица Танчева Тулиева:** Пратенику Рахиќ,

Заложничката драма која што вие ја правевте на седницата на Комисијата беше кулминација на вашата дрскост и ароганција, со која што продолжувате и денес. Претходно следуваа многу други работи од типот на навреди како “селаци сте се симнале од планина” и не знам што друго не сакам овде да се симнувам толку ниско како вас, затоа што вие сте толку дрзок и безобразен и продолжувате повторно и денес така да се однесувате. Имаше закани од типот дека имаме фамилии, имаме деца итн, тоа го гледаше целата македонска јавност.

Пратенику Рахиќ, можеби вие да се родевте и во Парис, ќе бевте ист како сега, значи ќе немавте елементарна култура и однесување. Меѓутоа, сметам дека тоа е ваш проблем и вие треба да го решавате, а не мој.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитувана колешке, за чие што име дефинитивно не можам да се сетам, платете ги сметките што ги должите за вода 20 илјади денари во Штип и ќе бидеме еднакви граѓани. Јас не се кријам, роден сум во Скопје, дојден сум од планина и научив да носам кондури. Јавно ви се извинувам за тоа што ви го кажав, меѓутоа научете кога зборувате мастиката да не ја шетате од една на друга страна.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Куновска, вашата реплика.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги, јас ќе се обидам тоа што пред малку сакав во репликата на госпоѓата Шекеринска да го кажам, поради времето што не успеав. Меѓутоа, очигледно е дека опозоцијата се повторува дека нивната насока е да нема потреба ние да потврдиме притвор во ова Собрание. Јас на почитуваниот колега Рахиќ ќе му кажам дека ние не навлегуваме во тоа дали е потребно или не е потребно притвор за пратеникот, нашиот колега. Од судот имаме барање генерално за да потврдиме дека може да му се изрече мерка притвор на пратеникот, што не значи дека ќе му се изрече, како што и беше, не му е изречена. Но, греши опозицијата кога смета дека тоа е пресудена работа, па вели судот одби да му изрече мерка притвор, па според тоа зошто ние сега да му одземаме имунитет, односно да потврдуваме, дека треба, дека може да му биде определена мерката притвор. Нема пресудена работа во изрекувањето на мерката притвор. Пресудена работа има само за битието главното дело, за кое што се обвинува осумничен или обвинет, за што се терети. Според тоа мерката притвор може по однос на господинот пратеник Бучковски, што јас во еден разговор и како правник, сакајќи да разговараме правнички му кажав, одново може да биде актуелизирана за истите околности, но во една друга ситуација, сега, јас како вас да не се обидувам кривичниот закон да го земам член тој и тој. Мислам дека пратеникот за кој што се бара потврдување на мерката притвор, знае кога може одново на него да му се изрече по барање на судот односно на обвинителот мерка притвор.

Затоа, сакам да кажам дека работата на Собранието е од техничка природа, ние не навлегуваме во суштината, ниту сме ние тука повикани да навлегуваме зошто и дали треба би можеле во таа суштина да навлегуваме, до колку не е осумничен за криминал. Затоа што, тогаш на нас имунитетот би ни бил параван во борбата против криминалот, а судот одлучува дали има криминал или не, ние не. Ние може да дискутираме тука дали треба да му се одземе имунитет или не ако се работи за став на пратеник, за негово искажано мислење тогаш треба ние, зашто имунитетот е наш суверенитет, затоа што тој ни дава право да можеме ние да формираме мисла и свој став да искажеме и ништо друго. Значи, во случајот не може за осомничен за криминал ние да дискутираме дали е прав или крив и дали да му се изрече, да му се потврдат. Мора да ја го потврдиме барањето на сидот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Есад Рахиќ, повелете имате три минути.

**Есад Рахиќ:** Почитувана госпоѓо Куновска. Апсолутно се сложувам со се што кажавте. Јас тоа и го реков, никој нема да избега од одговорноста. Тоа што судиката и Кривичниот совет го одби барањето за притворање, не значи дека Владо Бучковски неме да одговара за основано сомневање дека ја злоупотребил службената должност. Тоа никој не го амнестира. Јас само и вечерта заради протест поради начинот кршење на процедурата, вие сте правник и знаете дека правото е збир од процедури и секое кршење на процедурата има последици во носење на одлуката. Јас сум сигурен да се прифатеше тоа што го баравме, немаше да дојде до ова. Во многу почиста состојба ќе бевме. Затоа ние се уште не сме свесни дали има или нема одлука на Комисијата. Затоа што, сметам начинот на кој што таа Комисија работи, не работи во склад со законот и Уставот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван господине Георгиевски и почитувани кои ја следат оваа пленарна седница.

Парламентарната група на ДУИ никогаш не е во служба на тие кои биле инволвирани во корупција и во организиран криминал. Исто така, нема да биде во служба на тие кои како пат го избрале непочитувањето на Уставот, не почитување на Деловникот на Собранието, како и непочитување на процедурите. Во овој законодавен дом од причина тоа што се случува во овој законодавен дом и во оваа држава во врска со непочитувањето на Уставот и сето тоа што го спомнав претходно е еднакво со криминалот и корупцијата. Така ние мислиме дека сите горе споменати треба да одговараат пред законот и правдата. Доколку законот и правдата постојат во оваа земја или оваа држава.

Најнапред нашите забелешки се во однос на процедурата како се свика Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Почитуван господине Георгиевски, почитувана госпоѓо претседател на Комисијата, направивте кршење на член 117 од Деловникот на Собранието, каде се предвидува поканата за седница на Собранието да се поднесе, да се предаде на пратеникот осум дена пред одржувањето на седницата. Значи, според моите

информации поканата ја предадовте 4 часа пред да се закаже оваа седница.

Второ, нашите забелешки исто така имаат врска со процедурата за одземање на имунитетот, направивте кршење на член 50 став 4 каде се предвидува или подобро да кажам Комисијата е должна да подготви и да му предаде информација на Собранието, а  не како што постапивте вие, каде донесовте одлука за одземање на имунитетот на, за кое нешто и расправаме на оваа седница.

Затоа, мислам дека една ваква расправа и една ваква тема во Собраниево е непостоечка или инегзистентна.

Нашите забелешки, исто така или третата забелешка е во однос на процедурата и предлогот на претседателот на Комисијата за носење одлука, за одземањето на инмунитетот, затоа што јасно се гледа или јасно се гледаше преку тв екраните имаше пријавено за расправа многу пратеници на кои не им се даде збор да расправаат на таа седница, во врска со дневниот ред, за точките за кои што требаше да се расправа. Затоа цениме дека без исцрпување на расправа на пријавените за говор, не требаше да ја ставите на гласање оваа точка бидејќи расправата не беше завршена во Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Почитувани пратеници,

За свикување, за кршење на постапките, за кршење на Уставот, за непочитување на Деловникот на Собранието, ние како парламентарна група на време ја информиравме внатрешната и надворешната јавност. Да ве потсетам дека, како се заклучи расправата за Законот за полиција, како се направија измените во Законот за радио-дифузија, како се направи конституирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците или како се донесоа многу закони или амандмани без кворум во ова Собрание.

Ова го кажувам не од причина дека јавноста не го видела тоа или вие, почитувани колеги ова нешто не го знаете. Јас сум длабоко убеден дека сите вие сте сведоци за сето ова што го спомнав и кажав. Но, ова го кажувам, почитувани колеги од СДСМ затоа што вие, кога ние реагиравме гласно, како парламентарна група, овие нешта некако ги премолчевте. Мислам дека вие требаше да бидете погласни во оваа насока. Ако се сеќавате на прекинот на расправата во текот на носењето на Законот за полиција иако таа расправа не се заклучи никогаш на редовен начин, пратениците од опозицијата реагираа со аплауз за заклучувањето на таа седница, на пристрастен начион од претседавачот, господинот Георгиевски. Додека македонската опозиција некако ова го голтна или, подобро да кажам, молчешкум го помина.

За нас, се поставува една голема суштинска дилема. Затоа што расправаме ние денес на оваа пленарна седница, судијата поднесе барање за притвор, бидејќи заврши посебната седница на Собранието за Ребалансот на Буџетот, кога неколку од пратениците го напуштаа Собранието или некои други беа на пат за одмор или еден дел од пратениците беа на одмор. За нас, се поставува прашањето во какви околности судијата ја донел оваа одлука и какви притисоци се извршени врз неа? Сигурно дека сета оваа драма имаше сценарио и свој режисер. Затоа што, сигурно дека судиката имаше многу време пред одморите да направи една ваква покана за одземање на имунитетот или да почека да заврШат одморите, па сета оваа постапка да тече на редовен начин.

Исто така се поставува и следното прашање зошто претседателот на Собранието не ја закажа вонредната седница, бидејќи такво барање поднесе парламентарната група на СДСМ? За нас, ова е многу јасно. И оној кој го направил сценариото и кој бил режисер на сето ова сакал да го види пратеникот Бучковски со лисици на раце, како што се постапува во мандатот на оваа Влада.

На овој начин, пред граѓаните, пред некому да му или судот да го прогласи за виносен за некое дело, судиите да донесат одлука дека навистина оваа Влада се бори против корупцијата и организираниот криминал, нешто што не е вистина, затоа што минатото говори поинаку.

Многумина во оваа земја на овој начин се ставени во лисици, се одведени во притвор и по неколку месеци се ослободени како невини. Или, верувам дека правдата ќе суди на правилен начин и другите случаи ќе ги ослободи како невини. Затоа што во многу случаи сме длабоко убедени дека нема аргументи.

По напуштањето на работата на Собранието на парламентарната група на ДУИ, поради тоа што го спомнав претходно, дека не се почитуваше Уставот, Деловникот на Собранието или постапките, односно процедурите, ние имавме многу средби со евро пратеници. Било овде, во нашава земја или надвор од државава. На едно мое прашање, во текот на посетата во Брисел, бидејќи имавме многу средби во Брисел, поставив прашање во Брисел како ќе реагираше тој, доколку во неговата земја не се почитува Уставот, не се почитува Деловникот на едно Собрание или процедурите во таа земја. Неговиот одговор беше дека би реагирал поостро отколку што реагиравме ние како парламентарна група.

Ова го кажувам од причина што во текот на првите три месеци од работењето на ова Собрание, само јас, како координатор на парламентарната група, бев принуден 144 пати да реагирам процедурално за кршење на процедурите или за непочитување на Деловникот. Како парламентарна група и како политичка партија, никогаш не сме биле и никогаш нема да се ставиме во служба на заштитата на тие кои ги кршеле законите или кои биле корумпирани или кои се занимавале со организирам криминал.

Затоа, ние предлагаме или ќе излеземе со конкретни предлози во оваа насока, ние како парламентарна група и политичка ја поддржуваме борбата против корупцијата. Затоа, во иднина предлагаме или подобро да кажам сме против инструментализација на оваа борба за дневно-политички цели, во пресметките со опозицијата, затоа што мислиме дека нема да придонесеме со тоа во справувањето со корупцијата и организираниот криминал. Затоа ние како парламентарна група и како политички субјект уште еднаш ќе нагласам дека ќе се ставиме во служба на борбата против корупцијата и организираниот криминал. Но, во ваквите случаи треба да имаме ист кут за сите тие кои што се инволвирани било во позицијата, или во опозицијата.

Ние предлагаме исто така да се формира една комисија од политички субјекти во ова Собрание и таа комисија да се занимава со вакви случаи уште од 90-ти години наваму. Мислиме дека многу влади од минатото или политички елити кои биле во извршната власт доколку се инволвирани во организираниот криминал и корупцијата треба да се справуваме со нив еднакво. Треба да се формира таа комисија бидејќи цениме дека од 90-ти години, уште кога почна приватизацијата на државниот имот во Република Македонија почна исто така и организираниот криминал, затоа што корупција имаше и порано, и во времето на комунизмот.

За да се преиспитаат сите предмети сигурно дека во оваа комисија треба да учествуваат пратеници и од позицијата и од опозицијата. Значи, случаите да се разгледаат на правилен и начелен начин.

Исто така предлагаме, бидејќи и нашите информации говорат дека над 4 милијарди евра од разни личности од Република Македонија се наоѓаат во банките надвор од нашата држава. Оваа комисија да ги преиспита и тие случаи и доколку не можат да се вратат на граѓаните на директен начин, или да се вратат тие пари на државата може да изнајдеме друга формула, тие пари да ги вратиме во банките во земјава, и тие наши граѓани кои на незаконски начин се збогатија парите да ги вратат во нашите банки и тие пари да се инвестираат во земјоделството, економијата, стопанството итн. Доколку 4 милијарди евра се вратат во нашата земја ние сме длабоко уверени дека Македонија како земја и држава нема да има потреба да се задолжува со кредити од Светска банка, или од разни други банки и понатаму да ги враќаме со камати. Веруваме и длабоко сме убедени дека со тие пари ќе процвета било земјоделството, било стопанството итн. Сигурно дека Македонија нема да се наоѓа во оваа криза, било економска, било политичка криза доколку се постави на начин како што ние предлагаме.

Во спротивно ние сме длабоко убедени дека мнозинството ќе го продолжи патот кој го отпочна, значи на селективен начин да им приоѓа на случаите иако почитувани колеги и вие од позицијата сте свесни дека корупција и организиран криминал немало само во текот на владеењето или мандатот на една влада, туку криминалот и корупцијата оваа земја ја сведат од 90-ти години па се до денес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Слушајќи го и последниот говорник можам слободно да кажам дека има нешто симптоматично кое што мора да се потенцира во однесувањето на опозицијата. Имено, од нивните дискусии слушнавме се, само никој од нив не го осуди сопственото насилничко однесување за време на работата на Комисијата, која што толку многу ја напаѓаат дека незаконски работела. Едноставно члeновите, пратениците од СДСМ кои што не се членови на Комисијата, кои што упаднаа во текот на работењето на Комисијата како падобранци беа со тенденција да ја блокираат работата на Комисијата за да таа никогаш не заврши. И ги видовме, и ги слушавме, имавме прилика, имаше телевизиски пренос како Комисијата работење под навистина неподнослив психофизички притисок и стрес можам да кажам. Пратениците од СДСМ, иако знаат дека не се членови на Комисијата, си ги знаат своите права што ги имаат, да присуствуваат, дури и да говорат, но во никој случај не да предлагаат и да ја водат Комисијата како што се обидоа.

И уште нешто. После гласањето претседателот на Комисијата рече дека завршено е. Според тоа нема зошто ние забелешка да даваме дека процедурата не е запазена во текот на работата на Комисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За конкра реплика се јави господин Рафис Алити. Повелете една минута.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина очекував некоја реплика од колегите, но еве госпоѓа Јанкуловска виде упатно да ми реплицира и добро е што ми реплицира. Доколку и јас бев член на таа Комисија, или да бев поблизу тој ден кога ја следев седницата на Комисијата ќе ви кажам одговорно ќе реагирав поостро од тоа што реагирале пратениците од СДСМ. Ова го велам од причина што во заштита на Уставот и од заштита на Деловникот треба да се ставите и вие госпоѓо пратеник. Но, благодарение на тоа што пратениците на СДСМ се добри вие се однесувате на овој начин. Уставот сите заедно треба да го штитиме, во спротивно се знае каде ќе заврши оваа земја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Оровчанец, повелете вашите 10 минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, колеги пратеници, граѓани на Република Македонија,

Долго размислував дали воопшто да се јавам да зборувам на оваа седница, која после сите овие

дискусии овие денови кои ги поминавме овде можам да ја дефинирам како срамна за македонската јавнос, за македонската демократија. Излегов само да ја изразам мојата загриженост за патот на Република Македонија кон демократијата односно кон современите европски или светски демократии. Добив само едно убедување дека овој Парламент нема доволен капацитет да направи исжекор да тргне напред во услови кога времето изразено како пешчат часовник го истура песокот се повеќе на тлото и не заробува во нашата немоќ да направиме исчекор. Ова што овде се случува повеќе го третирам како една кампања против криминалот и корупцијата.

Криминалот и корупцијата можеби некогаш имаат потреба и од кампања, меѓутоа тоа е систематска, државна работа, тоа не е работа на ова Собрание кое има сосема други приоритети.

Сакам да искажам и друга загриженост. Се она што овде се случуваше овие денови во јавноста се манифестира со едно крајно ниско ниво на јавна расправа, на јавна дебата, препукување преку портпароли од една до друга партија до портпарол на влада, кој што толк е шокиран да кулминира со својата шокираност.

Меѓутоа, политичката одговорност за целата оваа ситуација е сепак овде во ова Собрание, а ние не ја согледуваме затоа што не ги препознаваме нашите приоритети. Во овој момент додека и ова го зборувам, додека течат овие денови на оваа собраниска говорница и се она што се зборуваше трае континуираниот пресек и оценка на валидноста на Република Македонија како современа демократија. Трае оценката за капацитетот на институциите на оваа држава, кој капацитет потврден или изнегиран, или оценет како слаб ќе не дефинира дали ќе останеме последни на овој Балкан, или ќе направиме исчекор. Ова се се случува во многу кратко време, месец ноември е пред нас, а ние веќе година дена тапкаме и се бавиме со се и сешто, меѓу другото 4 дена се расправаме за имунитет.

Господа пратеници никој, па и пратениците не може да се повикува на имунитет кога има криминал. Тука не треба да има двојба.

Меѓутоа, начинот и процедурата на кој што ова беше сега изманифестирано укажува на нешто друго што е застрашувачки, што заплашува. Начинот и процедурата ме доведуваат во сомнение дека сето ова може да биде и смислено сценарио, дека ова може да биде план, или договорен тек на случувања. Ако е тоа така, тогаш ние немаме држава, тогаш немаме правен поредок, тогаш ние едноставно ние не заслужуваме ништо и тоа е крај на оваа демократија. Мислам дека е крајно време, ама буквално е крајно време ние да го работиме она што ни е овде работа, а судот да ја работи онаа работа што ја работи, а не претседателот на Собранието да прави провокации на судот за додатни провокации во македонската јавност. Овие прозивки меѓу институциите се паднати на многу ниско ниво. Мислам дека од овој момент ако не ја сфатиме целата димензија на оваа работа и на кршење на оваа процедура, ние длабоко ќе заглавиме. А, политичката одговорност е и моја, на жалост, затоа што сум овде, меѓутоа и ваша, посебно вие што сте парламентарн мнозинство како и на опозицијата. И во овие услови можам да кажам дека ако ми било чест и привилегија да бидам еден од вас народен пратеник, избран од народот, се повеќе ми станува срам што сум тоа и се повеќе гледам или се трудам да одбегнувам и да наметнувам работи за кои што сметам дека се приоритетни за оваа držав, меѓутоа очигледно не спаѓаат во приоритети партиски. Станете поголеми од себе и направете нешто за Република Македонија. Ако не го направите тоа ќе ви се случи Република Македонија на друг начин, а тоа никој не го посакува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Владо Бучковски, вашите 30 минути, повелете.

**Владо Бучковски:** Претседателе Георгиевски, колеги пратеници,

Дозволете на крајот јас да го искажам своето мислење. Вие како што рековте претседателе оној кој е диференциран на крајот да има можност и да ја сумира расправата и да говори, не да се брани, бидејќи се договоривме начелно дека нема да го направиме парламентарниот дом судница, но сепак во своја одбрана да каже нешто, а да не го повреди начелото дека одбраната треба да биде пред истражниот судија и пред надлежните органи, а не во Парламентот.

Значи, јас уште на почетокот ќе се обраќам на колегите пратеници најмногу гледајќи на оние во средината, не барајќи од нив милост, бидејќи вие не сте поротници, иако некој милуваше овде да биде во салата истражен судија, се обидуваше некој да го толкува Уставот, законот и Деловникот по свое, бегајќи од основната задача на пратениците да ја одбранат функцијата пратеник.

Значи, господа пратеници, дами и господа, јас не барам вие мене да ме браните. Јас самиот ќе се одбранам затоа што ги имам аргументите, затоа што знам што сум направил и знам дека сум невин. Но, од друга страна не дозволувам секој волонтаристички да го толкува Уставот и да ни кажува дека Парламентот не е највисокиот законодавен дом и дека во поделбата на власта е подреден на судската власт. Тоа е сосема погрешно. Значи, тоа е сосема погрешно и некој што на некои видни правници кои сега се пратеници им ветува месечни паушали за да го толкуваат правото. Ако некој, не го спомнувам намерно името, за ова што овде го толкува бара 10 илјади евра, таа е пропадната работа. Тоа испаѓа дека не го познаваме правото. Значи во Уставот е загарнатиран имунитетот, не за искажаниот збор го знаеме сите тоа, туку е загарантиран имунитетот, не да биде Владо Бучковски, јас, или вие недопирливи, туку за да

имаме инструменти да се браниме од политичкиот притисок и од евентуалниот притисок кој може да го прави судската власт над законодавната власт. Само во еден случај, според Уставот нема зошто да се изјаснува Собранието, а не собраниската Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Тоа е во членот 64 во Уставот, ставот 3: ако пратеникот биде затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишано казна во траење од најмалку 5 години. И вториот случај, според ЗКП нема околност која ние треба да ја цениме пратеници, ако основниот јавен обвинител и Министерството за внатрешни работи сомничат некој од нас дека сме сториле кривично дело за кое може да биде казната доживотен затвор. Значи, јас ниту сум фатен, затечен, инфлагранти, во вршење на кривично дело за кое треба да одговарам со казна над 5 години, ниту сум сторил дело за кое треба, Владо Бучковски, јас, да лежам доживотен затвор. Значи, отпаѓаат било какви шпекулации дека е ова техничка работа. Суштествена е работата. Јас во овој случај ја бранам функцијата пратеник, затоа што досега во Република Македонија немало вакво насилие, ваков притисок од страна на една политичка партија на судството и Обвинителството. Јас може само да бидам првиот пример, но нема овде да заврши затоа што папките постојат, фајловите постојат најмалку 4 пратеници ги чека истото ова, не од левата страна, од левата страна сакате да го проретчите опозициониот состав, ако може анблок на сите да им го одземете имунитетот. Во средината се тие четворица и потоа ќе ги спомenам, како што некој ги спомена па станавте многу чуствителни во претходнот период, кој во слична постапка беше должен да даде одговор и пред Обвинителството и пред истражниот судија. Тројца пратеници за истото дело, злоупотреба на службената положба и овластувања во изминатиот период. Во нормална судска процедура си ја заврши ја работата, некои од нив веќе докажа со правосилни судски пресуди дека е невин, за некој сеуште трае постапката. Тројца беа пратениците. Едниот седи во првиот ред Илија Китановски, вториот, не седи овде седеше од левата страна, Љупчо Балковски, третиот стана министер, седи од десната страна, тоа е министерот Љупчо Мешков. Никој од СДСМ, никој од тогашната власт не покажа со прст и рече дека овие луѓе се виновни и дека овие луѓе заради злоупотребата што не е докажана треба да бидат во притвор. Зборуваме сега принципиелно. Така и треба да остане. Ние на овој случај како пратеници треба да изградиме принцип, не само јас, било кој пратеник, не треба да заврши во притвор освен ако не е тоа во согласност со Уставот и ЗПК. Значи, нема дилеми ако некој од нас во иднина стори кривично дело за кое е фатен, затечен, дека треба да има казна над 5 години и ако некој го осомничи за доживотен затвор нема ние што да расправаме. Тоа е техничка работа. А, овде почитувани колеги пратеници е суштествена расправата. Да видите на мојот случај како функционира правна држава под наводници. Јас можеби сум идеалист, можеби не можам да се ослободам од тоа дека сепак сум професор по право, дека сум правник кој сака да остане до крај доблесен на принципите кој им ги предавам на моите студенти. Врз основа на тие принципи што јас им ги говорам почива и мојот политички ангажман. Значи тоа се трите основни начела кои уште во третиот век пред нашата ера прочуениот Улпинијан кажал што е основата на една правна држава. Хонесте Видере алтерум нон ледере сум квикли трибуере. Значи, за да можеме да имаме правна држава секој поединец, прво треба чесно да живее, на никој друг да не му наштети, а секој да го добие она што го заслужил. Во конкретниот случај, ако јас тоа сум го заслужил, да ја добијам заслужената казна. Тие се моите политички принципи на кои почива и мојот политички ангажман. Чесно сум работел и чесно ќе работам, но не трпам неправди.

А, сега ќе проговорам за мојата неправда, за која пред се говореа моите колеги пратеници, пред се моите другари и другарки од СДСМ, потоа другите независни пратеници, пратениците од ЛДП и од ДУИ. Искрено очекував дека некој ќе стане од оние кои молчеа и на Комисијата, кои молчеа и овие изминати 4 дена, а се дел од владеачката коалиција. Очекував да прозбори ДПА, очекував да прозбори НСДП. Не само да ме храбрат по ходниците и да кажуваат дека ова е завршена работа, дека нема барање, дека е ова за нив безпредметна расправа. Но, почитувани колеги пратеници, не е безпредметна расправата. Јас на крајот ќе дадам и еден предлог затоа што прифаќам нешто што го дава како сугестија претседателот на Парламентот. Но мора прво, вам да ви го објаснам мојот случај, не како во судница, туку како беа загрозени моите човекови права и слободи. Затоа што ако се дрзнат на пратеник актуелен, поранешен претседател на Владата, поранешен министер, во краен случај истакнат член на ова наше општество македонско, на овој начин да му ги газат основните човекови права и слободи, што останува за другите. Ќе почнам со овој рекапитулар, верувам дека за 10 минути ќе успеам да ви ја доловам атмосферата.

Како почнува овој скандал или овој политички монтиран процес. На 17 јули вечерта на мојот телефон што не го знаат за жал, некој од собраниските служби, па ме канат на седница на непостоечки број, но сепак заради доблеста на претседателката на Комисијата тоа и подоцна ќе го кажам, јас пристигнав. И веројатно, госпоѓа Јакимовска, вие не сакајќи, правејќи се што треба согласно Деловникот го попречивте сценариото. Ви благодарам јавно затоа што спречивте да бидам уапсен на граничниот премин Богородица.

Значи, на 17 јули во 21 часот се јавува некој на мојот приватен мобилен телефон и вели: овде инспекторот Миодраг од Министерството за внатрешни работи, јас велам повелете. Вели, треба утре да се јавите на информативен разговор во ДОЦ. Каде е ДОЦ, вели во бараките

кај Министерството за внатрешни работи. Мене како што ме дал господ, затоа некој вели сум веројатно најнапаѓаниот опозиционер, затоа што ги научив сите финти и сите приземни удари што ги прави ВМРО-ДПМНЕ. Заедно имаме ривалитет уште од 1998 година, 1997 година станав член на централниот одбор на СДСМ, во 1998 член на ДИК, па видов што се правеше 1998, па 1999, па шеф на еден изборен штаб, па на друг, на крајот да ги загубам последните избори на фер и демократски начин, затоа честитав без официјални резултати, затоа што почитувам фер-плеј, не почитувам валкани игри како што се прават уште од 17 јули. На крајот му велам на господинот, дајте ми писмена покана ќе дојдам, но нешто да ве прашам, од каде вие го знаете мојот приватен мобилен телефон? Па, па, и така заврши разговорот. Не случајно Владо Бучковски во јуни праша колку телефони се прислушуваат во Република Македонија. Кога немаме подзаконски акт, кој тоа ја прислушува опозицијата или опозицијата во поширока смисла на зборот, па дури и дел од пратеничкиот состав кои седите овде. Кој, со чиј налог?

Да продолжиме понатаму. Беше што беше, така функционира овој систем. Веќе некои добро информирани медиуми знаеа за информативниот разговор. Тој не траеше повеќе од 15 минути затоа што ја видов старата кривична пријава од септември 2002 која беше отфлена со решение на основното Јавно обвинителство дека нема сторено кривично дело, злоупотреба на службената положба и овластување. И на господинот инспектор му реков, ова ли се истите докази? Тој ми одговори, тие се. Еве, погледнете како тогаш одлучи Јавното обвинителство и јас си заминав. Дали ќе земете бранител, дај да ви потпишам. Не ми треба бранител, за ова не треба да се бранам, за ова веќе има одлука. Што се случува во меѓувреме? Не ни знаев дека на 27 јули била поднесена кривична пријава од Министерството за внатрешни работи. Па, на 27 јули, некој како што спомена, јас се уште бев во Парламентот. Некој ако сакаше да не прави циркус можеше уште веднаш да го испрати овој дел за кој веќе од септември 2002 до јули 2003 истражуваа, бараа, можел ли да биде толку овој далеку од умот, па да нарача делови за кои не знае за трансмисија, 4 пати повеќе отколку што треба. Констатираа дека тоа не сум го направил. Има барање затоа што јас не сум експерт за тенкови, не да правиме на 20 тенкови ремонт, туку да правиме на 80. Тоа е одговорот зашто имало 4 пати повеќе, но некој при промената на министерот тој документ клучен го скрил и бил доведен во заблуда мојот наследник, кој врз основа на нова информација од Генералштабот го раскинува веќе валидно склучениот договор, за да после дојде до овој дел. Овој е делот што само едно ливче хартија мавташе овде самопрогласениот истражен судија, кој тврдеше некој пропеал. Што да пее, испеана е оваа песна. Испеана е оваа песна. Или овие што го познаваа правото, ќе одговара некој за склучувањето на договорот или за ова што настанало како правна последица ќе одговара тој кој го раскинал договорот. Еднострано раскинување го направил некој друг со иницијали кои не се ВБ. Како што кажа на 31 јули портпаролот на Министерството за финансии од име на финансовата полиција. И всушност го откри заговорот. Јас уште тогаш бев подготвен да тргнам, да дојдам да се јавам пред истражниот судија. И преку централата на Основниот суд 1 ја добив истражната судика и се понудив самиот да дојдам затоа што веќе ако сум на одмор, ние сите веќе знаеме дека нашиот одмор каков е на политичарите. Неможе да не ги следиме вестите, неможе да не отвараме интернет. Проверив дека е отворена истрага за она за која знаев дека од мене зема исказ. Не знаев дека сум осомничен, но сакав да го дадам својот исказ. Лесно се докажува на 31 јули сам се има јавено Бучковски да даде исказ. Одговорот беше на истражниот судија, почекајте ќе добиете писмена покана. Не било тоа, затоа јас сакам да дојдам до вистината, кој тоа не дозволи на истражната судија прво да ми зеде исказ, па потоа да одреди мерка притвор, со што ме стави не како пратеник во привилегирана позиција, туку во хендикепирана позиција. Зашто сите други осомничени прво дадоа исказ, па потоа им беше, или не им беше одредена мерката.

Вториот битен елемент. На први, кога веќе јас решив да дојдам на седницата за мандатно имунитетни прашања, испаѓа дека јас сум имал информација од новинарски кругови пред официјално во 16 часот во архивата на Собранието да биде архивирано барањето. Тоа ја отвара втората димензија. Кој тоа правеше терен, знаејќи дека веќе заминав на одмор, експресно да ја закаже седницата и јас да не дојдам на седницата односно некој што не ме познава добро, си мислел како некои наши можеби ќе си остане во бегство и ќе си имаме кампања за него и на втори ќе говориме, еве го криминалецот е во бегство или втората варијанта, веројатно неговите мислејќи дали на Рилкоски, дали на Најдовски, или Јашари, тие беа моите во Комисијата. Јас пријатно се изненадив и им благодарам на сите оние кои неповикани дојдоа на таа Комисија. Прво, потпретседателите на СДСМ, потоа Иван Стоилковиќ, Есад Рахиќ. Немаше од наша страна заговор како да се браниме, контра заговор, туку стануваше јасно дека некој направи еден политички план како да се дискредитира Бучковски, како да се покаже лажна слика против организираниот криминал и корупцијата и како повредуваајќи ја процедурата, задржуваајќи ме на граничниот премин, всушност да не дозволат да стигнам на Комисијата, не знаеа дека процедурално ќе имаат вешти правници како Аднан Јашари, или искусни пратеници како Најдовски и ќе завршите за половина час.

Значи јас требаше, условно речено да влезам да пијат кафе, сок, како што вели сега, а да излезам со лисици, да се сити македонската јавност. Тоа

беше направено. Не ја најдов правдата досега за тој елемент, што е многу битен. За тој паѓа влада, за тој треба да сноси политичка одговорност, мислев досега ќе се јави министерот за внатрешни работи, не да се извини, да рече ќе ги најдам виновниците, затоа што зад телеграмата има 4 анонимни јавувања дека не е испраќана само на граничниот премин Богородица, туку е испраќана и на граничниот премин Дојран - Дојрани и на Меџитлија, затоа што мислеле дека ептен сум некој фантом, дека може да искористам некој друг граничен премин, а не граничниот премин Богородица. Срамота е тоа почитувани пратеници. Тоа може и на вас да ви се случи. тоа може да му се случи на секој граѓанин. На секој граѓанин за кој може некој да поведе истрага, да нема никаква одлука и да му речат, објаснувањето е ступидно што ми го даде внатрешната контрола. Знаеле тие на 27 дека има поднесено кривична пријава и знаеле дека на 31 има издадено барање за мерка притвор. Па како ќе ја градиме европска Македонија. Со барање одговорност од сите, значи прво политичка одговорност, материјална одговорност и на крајот кривична одговорност. Јас сум подготвен и реков, јас ќе одговарам ако нешто сум сторил. Може ли секој од овие што сега јавно ги прозивам истото да го кажат. Па како не им беше срам после сета процедура што ја направивме и кај Народниот правобранител и таму да дадам изјава. Да излезат експресно со соопштение дека веројатно сум бил навреден или повреден ако сум навреден или повреден може да ми се извини. Па, како што сакаше некој експресно да се стави на гласање среде расправа предлогот на пратеничката Анета Стефановска така веројатно сакаа да го направат тоа на почетокот. Само не знаеја дека од другата страна има организирана сила. Се организираше опозицијата. Инстиктивно. Не да прави дестабилизирање. Не да ја руши борбата, туку да го брани Уставот, законот, да го брани почитувањето на човековите права.

Почитувани колеги пратеници

За да ова не се случи во иднина мора работите да ги истераме до крај. Кој го понижи Парламентот. Со чии налог се чекаше во 16,00 часот да биде архивирано барањето кога формално-правно сеуште пратениците не се на одмор, формално-правно до 15,30 имаше седница. Не може некој да се повикува дека 15 дена нема да работиме на одмор сме, пратениците беа тука. Јас немаше да имам никаква забелешка во 17 часот да почнеше расправата да се расправаше, пратениците и така останаа 2/3 од пратениците поради Илинден тука. Да ја донесеме овде на Собранието одлуката. Да не се затскриваме зад тоа дека еве сме на одмор па не може да се соочиме и да се погледнеме во лик. Мене ми е жал заради тоа што во средината дел од пратениците за изминатата година и претходно се обидувавме да градиме некоја доверба меѓу нас. Минимум доверба да имаме консензус за некои прашања. Затоа во жарот на дебатата за сите оние што можеби го повисив гласот и кажав некој збор што не треба, уште еднаш им се извинувам. Но мислам вие да бевте на моето место многу полошо ќе се однесувавте затоа што имате многу помалку искуство од мене. Јас сум трпел и поголеми напади и 1999 на тие фамозни претседателски избори кога ја бранев победата на Тито Петковски и 2001 кога го бранев политичкото решение, па кога ме обвинуваа некој како сега пратеничката Ружа Георгиевска ли беше што не можам да сватам од Тетово. Место да ни направат споменик на сите нас што ја градевме оваа европска Македонија, обединета, унитарна, таа да ми ги споменува старите приказни за кои имав и тогаш кривична пријава за велепредавство. Сакаа тогаш веројатно има некој преки суд, некој викаше да ме бесат на Вардар, други да ме стрелаат. Знаете или сте заборавиле како правевте минатата година со оние потерници за Макрадули и за Жерновски. Имавте и такви тогаш од депото на ВМРО-ДПМНЕ, се бара жив или мртов Владо Бучковски. Или како што беше во 2004 кога прво некој сакаше да ме линчува и жив да ме запали во Струга, па малку му беше тоа 1500-2000 членови на ВМРО-ДПМНЕ предводени од Никола Груевски да дојдат пред мојот дом во Козле. И сега ја слушам пратеничката од Штип ќе ми зборува за оние наши 20-30 членови што аплаудираа и свиркаа. 1500 предводени од Никола Груевски. Сакаа да влезат во мојот дом да го демолираат тоа што не успеаја да го направат во Струга. Значи мојот праг на толеранција во вашата и наша битка за европска Македонија зашто ваше и наше е различно. Имам доволно искуство но не очекував дека ќе се премине оваа граница и ќе се отиде на овој начин во политичката пресметка.

Да продолжам понатаму.

Значи, откако се случи тоа што се случи и откога не беше донесена одлука според нас втората точка ќе покаже, експресно уште во три часот некој се дрзна да ја испрати одлуката на Комисијата за да може веќе да постапува истражниот судија. Истражниот судија веројатно зато што излегоа работите вон контрола, го пропушти втори август заради прославата, вечерта во 19,30 добив покана,покана затоа што според ЗКП може и телефонски да се добие покана, да се јавам на распит кај истражниот судија.

На трети август додека трае распитот кај истражниот судија закажана е претседателе на Парламентот средба од страна на нашиот координатор на пратеничката група и Вас да се договорите за нашето итно барање за итна седница затоа што не ја признаваме Одлуката на Комисијата за мандатно имунитетни прашања. Средбата од 11,00 часот е одложена за види чудо, потоа некој од новинарите да говорат дека во вашиот кабинет бил според мене еден од главните налогодавци во сето ова сценарио за политички линч на Владо Бучковски, министерот

за правда Михајло Маневски. И сметам дека во постапката која ќе следи паралелно, затоа што ќе дојде време кога овие политички монтирани процеси ќе мора да се преиспитуваат. Секој ќе треба да даде исказ кога, во кое време и каде што правел и дали е дел од заговорот. Овде почитувани пратеници постои заговор. Како што постоеше заговор и во неколку други случаи каде што не само партиски е мотивирана битката против организираниот криминал и корупцијата, туку е лична. Лична нетрпеливост и фрустрација. Дали на едно семејство кон друго, како што е во случајот на Андоновски. Дали на еден стручњак кон друг, како што е во случајот на Борче Петровски. Дали на една повредена суета кон трет истакнат стручњак, како што е во случајот на Докиќ. Или на четврти случај каде што желбата некој да дојде на местото на Рубинчо Заревски беше мотивот тој да се понижи и овде мора да има мотив. Јас шпекулирав за еден мотив што беше кажан, таа шпекулација ја ставам настрана затоа што го почитувам принципот господинот да не биде споменуван за да не му направиме дополнителни компликации одколку што му направивме, станува збор за господин Љубе Бошковски. Но дека има овде политичка мотивација јас тоа го тврдам, затоа што како што левата страна знае треба и во средината да знае дека не е фама дека оваа битка против организираниот криминал и корупцијата е селективна. Дека постојат 20 и 30 папки против едни членови на опозицијата, не само пратеници, бивши функционери, членови на Владата, градоначалници, истакнати бизнисмени. Но за ваша информација се погласни се шпекулациите дека во тие папки има најмалку тројца или четворица пратеници за кои треба да биде испратен сигналот. Дека ако некој не биде послушен може да го снајде судбината како овие од левата страна. Па некој ќе спомене, ќе го отвориме тогаш случајот за Поштенска банка и ќе настрада можеби пратеникот Ратко Димитровски, или ќе го отвориме случајот на пратеникот Фијат Цаноски за затајување на данок, или ќе го чуваме случајот за Љубисав Иванов Ѕинго за судирот конфликт на интереси во Злетовица, додека ни треба итн, итн. За жал некој треба да прозбори дека тоа е реалноста во Република Македонија, дека се сее страв и дека сите сакаат да шепотат затоа што еднаш во ВМРО-ДПМНЕ ја гледавме таа пресметка кога се формираше ВМРО Македонска. Затоа што во овој момент се знае дека конците не ги влечат пратениците и зато јас мислам дека искрена беше онаа средба и со Бонева и со Вељановски кои за волја на вистината не беа во салата каде што беше состанокот на Комисијата за мандатно имунитетни прашања, но беа горе за да не излезе целата работа вон контрола и даваа свој придонос. Но мислам дека проблемот на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ е во тоа што во краен случај мислам дека иако претседателот го споменав дека влегол во оваа режија не е главниот политички опонент во оваа битка парламентарното мнозинство кое е овде во Парламентот. Овде станува збор за една поинаква борба против организираниот криминал и корупцијата. Селективна борба. Со селективно прибирање докази каде што може секој кој било што вршел во своето минато како функционер да биде спакуван за 15 минути или било кој, оној што имал било каква допирна функција во изминатиот период. Многу прешироко се толкува злоупотребата и за тоа треба да разговараме како што за овој случај треба да разговараме дали на расправата која следи за Деловникот ќе треба да ја зацврстиме позицијата на функцијата пратеник. Нам судската власт не ни е надредена уште еднаш повторувам. Уставот ни дал можност да се браниме од овие притисоци што јас ги почувствував на своја кожа. Но да не должам многу.

На крајот претседателе бидејќи вие на координацијата дадовте еден предлог што и мене ми го пренесовте овде. Значи Владо Бучковски спомена во четвртокот попладне од оваа говорница дека во случајот пред истражниот судија се откажа од пратеничкиот имунитет. Владо Бучковски во овој момент нема пасош како превентивна мерка, Владо Бучковски има ограничено движење надвор од границите на Скопје за да биде тука додека трае истрагата. Значи јас сум третиран како пратеник кој нема имунитет. Рековте дека тоа не сте го знаеле, јас во пишана форма тоа ќе го напишам. Она што говореше една од пратеничките во изминатите 17 дена со ништо не дадов повод да има ново барање. Значи би дал повод ако некој некој ме викнеше на дополнителен распит и јас не се јавам. Јас од овде давам збор додека трае истрагата, додека трае постапката ќе се јавувам на секоја покана од истражниот судија. Ако тоа не се направи има инструменти. Ќе биде тогаш поднесено ново барање, колеги пратеници дека пратеникот Бучковски иако нема пасош се дал во бекство. Тоа е таа хипотетичка ситуација. Значи затоа вели судиката додека трае истрагата Владо Бучковски може да побегне. Владо Бучковски нема од што да бега, Владо Бучковски очекува дека оваа расправа ќе заврши онака како што сите посакуваат да се зачува дигнитетот на било кој пратеник и да се зачува дигнитетот на Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика госпоѓа Куновска Јагнула прва, претпоставувам и Димитровски Ратко исто за реплика, така.

Повелете Госпоѓо Куновска со вашата реплика.

**Јагнула Куновска:** Господине Бучковски, јас три пати зборував во врска со одземањето на вашиот имунитет. Имав почит спрема вас, а и нема потреба ни еднаш вас за било што да ве обвинам или да ве навредам. А вие излеговте, пола час имавте време за да се браните иако рековте не се бранам, се браневте цело време од самиот себе, искористивте без да ме именувате, како и сите од вашата пратеничка група да ме обвините дека јас сум се продала за 10 иљади евра на

ВМРО. Слушајте господа од СДСМ и господине Бучковски и госпоѓа Шекеринска. Јас не сум човек што се продава. Само толку да ви кажам.

Друго, со мене вие, посебно вие господине Бучковски нема да се исперете. Вие за вашата осомниченост, за криминал мора во суд да докажете. А, само ќе ве прашам што ви текна за 10 илјади евра кога вас ве обвинуваат дека со еден замав 2, 3 милиони евра од државава сте украле, а јас само би ве прашала уште колку зафати такви имате?.

**Љубиша Георгиевски:** Завршивте ли госпоѓо.

**Јагнула Куновска:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Ратко Димитровски.

Се извинувам, за контра реплика се јави господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитувана колешке намерно не ве спомнав, затоа што мислам дека е јасно кој во овој Парламент се продава, а кој, условно речено, може да се купи. Во една дискусија уште првиот ден говоревме кој кому нешто должи, дали е некому некој должен или е нечиј заложник. Значи јас никому ниту ништо должам, ниту некој нешто ставил во залог кај мене. Жалосно е кога се обидувате на крајот, затоа што бевте прозвана, да давате до знаење во постапка која сеуште трае дека и вие знаевте дека ќе има судски процес. Еден помалку искусен студент по право дури рече за 6 месеци ќе има и осудителна пресуда. Тоа го говоревме изминатите три дена. Не смее да има партиски монтирани процеси и партиски пресуди.

(**Јагнула Куновска:** од место **-** не сум јас виновна за тоа)

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Ратко Димитровски со вашата реплика.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Јас бидејќи сум споменат морам да кажам, да дополнам нешто, за кое нешто три дена се мислев дали да го кажам или да не го кажам заради тоа што сметам дека има реална основа таа папка која ја спомена колегата Бучковски кога и да е треба да се отвори. Кога ќе се отвори таа папка колега Бучковски има доста работи што ќе се видат.

Една од тие работи која што треба да ја знае македонската јавност е дека колегата Бучковски тогаш како премиер не дозволи Поштенска банка да се продаде на стратешки партнер, надворешен стратешки партнер за 6 пати поголем износ отколку што го тераше тој заедно со неговиот колега министер за финансии и гувернерот на Народна банка. Тоа е едниот факт.

Вториот факт на кој што мора да одговори колегата Бучковски заедно со неговиот колега е тоа дека на 29 април 2005 година нивните послушници од Централниот регистар не сакаа да го заверат договорт за земање кредит со кој што кредит ќе се реализираше втората фаза од продажбата на Поштенска банка. Тоа се фактите.

Третиот факт е она што тој го негира го применуваше пред неговиот кабинет.

Неговиот послушник, инспекторот кој што не изведе од неговиот кабинет лично мене ме убедуваше дека треба да се сложам дека треба да направам нешто што е против моите интереси и кое нешто ќе било во поширок односно повисок интерес.

И сосема на крај би сакал да кажам дека таквите процедури, таквите постапки кои што се одамна заборавени во Република Македонија за  жал мојот драг колега ги применуваше заедно со целата негова свита, со целото негово опкружување. Ако имаше било какви дамки, ако имаше било какви основи немаше таа ваша телевизија постојано, секојдневно да се бомбардира со кривични пријави, со работи кои што никако не постоеја и нема и ден денес да имаме судска постапка од моја страна против таквите луѓе и таквите постапки кои што беа диригирани лично од ваша страна.

Токму заради тоа драги колега мислам дека во интерес на сите е тоа досие да се отвори и да се заврши, па можеби ќе излезе уште некоја поголема, покрупна работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Немав намера да го вознемирам колегата, нека го сфати тоа како добронамерно предупредување.

Владо Бучковски, јас како премиер, имам основани сомневања врз основа на кажувањето на Народната банка дека не е можно двајца поединци да бидат партнери со 33% на државата во поштенска банка, но немав докази за да можам како премиер да ги понудам на надлежните истражни органи. Јас никој пат и Владата на чие чело бев, не се сомневавме дека има било каков криминал од колегата Ратко Димитровски, но се сомневаше Народната банка и не дозволи да има трансакција каде што тие ќе бидат преговарачи во продажбата на поштенска банка на веќе фамозната НЦ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Собранието со гласање ќе се изјасни дали ја потврдува или укинува одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на гласање.

Барате процедурално госпоѓице Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, од името на пратеничката група на СДСМ барам 15 минути пауза пред да преминеме на чинот на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам 15 минути пауза.

(по паузата седницата продолжи со работа во 16,43часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места затоа што ќе продолжиме со седницата.

Пред да преминеме на гласање, ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Процедурални интервенции имаат господинот Оливер Спасовски и господинот Рафис Алити.

Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Сакам да го искажам ставот на СДСМ.

После расправата што се водеше сметаме дека на гласање се става одлука која воопшто не постои заради тоа што се направени пропусти во начинот на постапката при донесување на таквата одлука пред Комисијата, за што навремено реагиравме и ја информиравме македонската јавност.

Сега, овој апсурд што е направен на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, треба да го потврди Собранието. Тоа е една од причините поради која СДСМ нема да учествува во гласањето.

Втората причина заради која нема да гласаме за ваквата одлука е што за прв пат во Република Македонија, од една ваква институција се крши Уставот и Деловникот на Република Македонија.

Третата причина поради која нема да гласаме е тоа што во текот на расправата што се водеше во Собранието на Република Македонија овие денови, постојано се играше одредена игра од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија, со дописи до истражниот судија, дали има постапка или нема постапка, дали е завршена истрагата или не е завршена. Мислам дека и тоа е една од причините поради која ние не сакаме да учествуваме во чинот на гласањето со кој Собранието на Република Македонија директно ќе застане во поткрепа на апсурдот што го направија членовите односно претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и не сакаме да учествуваме во гласање на нешто што воопшто не постои. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дописи немаше. Имаше само еден допис од кога беше симнат притворот. А второто обраќање беше телефонско и тоа на барање на господинот Бучковски.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас побарав збор процедурално за да го искажам ставот на парламентарната група на ДУИ и ПДП затоа што јасно се гледа дека во ова Собрание не се почитуваат уставните правила, Деловникот, не се почитува процедурата.

Како што и потенциравме претходно во нашите говори, ние како парламентарна група дадовме еден конкретен предлог за да се оформи една комисија, тело кое ќе земе одговорност во кое ќе учествуваат пратеници од сите пратенички групи за да ги разгледаат прашањата во врска со корупцијата, а не на селективен начин како што се пристапи од оваа позиција туку навистина да се води борба против корупцијата како што треба, како што се води борба во други земји. Од оваа позиција не покажавте дека сте подготвени да го оформиме ова тело и ние како парламентарна група не сакаме да сме дел од кршењето на процедурата, на Деловникот и Уставот и процедурите и на селективен начин пристапик во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Откако припадниците на ДУИ ќе ја напуштат салата, ги молам службите да достават точен број на останатите пратеници во салата за да заклучиме дали имаме кворум кој би ни овозможил да преминеме на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме 62 пратеници.

Ве молам уште еднаш, со големо извинување, пребројте уште еднаш, ги молам сите камери, имам молба до камерите, сликајте, цела слика, за да може да се докоментира колку сме, толку сме, доста сме, но да се докоментира колку сме. Ве молам. Може да затреба затоа што штом зинат говорат за фалсификат.

Пребројте уште еднаш.

Од десната страна присутни се 12 пратеници. Од левата страна се 49, заедно со мене. Значи 12 плус 49.

Констатирам дека имаме кворум од 61 пратеник.

Преминуваме на гласање.

Кој е за Собранието да ја потврди одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, во присуство на 61 пратеник, за гласале 59, воздржани 1.

Констатирам дека Собранието со 59 гласа за, без ниту еден глас против и со еден глас воздржан, ја потврди одлуката на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, со која се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот на Собранието на Република Македонија, Владо Бучковски.

После 10 минути пауза, поминуваме на втората точка од дневниот ред на оваа седница.

Пауза 10 минути.

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места. За некоја минута продолжуваме со седницата со втора точка.

**Минуваме на точката 2 - Информација за случувањата на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања**

**во врска со барањето за одобрение на притвор на пратеник**

Процедурално се јави госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе.

Само сакам да ги информирам колегите и јавноста дека гласав, меѓутоа не бев регистрирана во гласањето. Гласав за, потврдно, меѓутоа, подоцна утврдивме со колегата од службата дека игледа имало некој проблем со картицата. Сакам да се знае, затоа што јас не бегам од своите одлуки и стојам зад нив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Отворам претрес, ако нема повеќе процедурални.

Госпоѓа Славица Грковска има процедурално.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Јас ве повикувам да го одржите својот збор и да го исполните вашето ветување кое што го дадовте во текот на расправата по првата точка по дневен ред, а тоа се однесуваше на нашето барање да биде емитувана снимката, целокупната снимка од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, заради можноста сите пратеници кои не биле во можност да ја гледаат, да имаат комплетен впечаток за тоа што се случуваше на таа комисија. Бидејќи вие ветивте тогаш дека ова наше барање ќе го исполните во оној момент кога ќе почне оваа точка на дневен ред, јас ве повикувам да го исполните вашето ветување и да го уважите нашето барање, прво, да се емитува снимката од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, па потоа да продолжиме со дискусијата.

**Љубиша Георгиевски:** Јас навистина тоа го ветив и немам никаква намера тоа да го држам нетранспарентно . Како што знаете тоа одеше за јавност и пак може да оди на јавност, но навистина не постојат технички услови во оваа зграда 120 пратеници или 80 пратеници или дури и 50 луѓе да можат едновремено да следат. Единствен начин да се организира тоа е во боксот горе, во мастер рум, кој не е никаков мастер рум, кој вие знаете колкав е и може да собере 10 души да гледаат седница која траеше, колку што јас знам околу 4 часа. Мислам дека тоа можеме да го решиме и ви предлагам тоа да го решиме на тој начин што да истерминираме термин тоа да оди за јавност. Просто уште пошироко и тогаш пратениците секој ќе има шанса, ќе го знае терминот, ќе се договориме со претседателот на Советот на Собранискиот канал, секој ќе го знае терминот, на секој пратеник писмено ќе му биде јавено и да седи дома како човек во еден термин, добар термин, шпиц термин, јас сум професионалец, знам кои се шпиц термините, на пример од 7 до 11 часот и тоа да го направиме човечки. Овде нема човечки услови, навистина нема како. Еднаш реков дека работиме во нечовечки услови и ме сторија парче весниците, повеќе не спомнувам. Ете, тоа е мојот предлог. Ве молам, направете една комисија, еден, два, три пратеници, тука е господинот Догани, направете го тоа, тој термин, известете не на една од следните седници кога е, еве господинот Догани е тука и може да го изаранжира тоа, госпоѓо Грковска нека, еве вие заедно направете го тоа да е се чисто.

Одиме понатаму.

Процедурално има господин Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Претседателе, бидејќи електронскиот запис може исто така да се толкува во денешно време како документ, предлагам како што ги добиваме стенограмите да добиеме по една копија секој пратеник од седнцата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и кој сака да ја гледа, нека ја види. Тоа е исто како да сме го добиле стенограмот.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е далеку поумно од мојот предлог, доколу е изведливо. Господине Догани, можете ли да ги информирате сите пратеници со ЦД и за колку време од прилика.

**Бесим Догани:** Ви благодарам претседателе.

Јас можам да разговарам со службите кои се занимаваат со емитувањето со госпоѓа Валентина и мислам дека ова е многу изведливо. Исто така, истите материјали би можеле да им се испратат на пратениците како редовните материјали за седници, па да ги добијат дома по пошта.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, превземете го тоа.

Дали има уште некој процедурално?

Грковска повторно, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Дозволете ми само да ви укажам дека вие го дадовте ветувањето, како што напоменав, односно емитувањето на снимка од седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на почетокот на дебатата за оваа точка на дневен ред во услови кога знаевте какви се техничките можности во оваа сала. Јас очекував од вас како сериозен претседател на Собранието на Република Македонија до сега да направите или да укажете на службите да ги направат сите подготовки, кои ќе овозможат исполнување на вашето ветување. Во спротивно, имајќи го предвид фактот дека вие и сега признавте дека сте дале такво ветување и не бегате од него, ќе не принудите во иднина воопшто да немаме доверба во вашите ветувања. А, така не се гради доверба меѓу пратеничките групи и претседателот на Собранието, се разбира, дококу ви значи таквата доверба и градењето на добар и фер однос меѓу претседателот на Собранието и опозиционите партии. Значи, досега вие можевте да дадете налог за да се завршат сите подготовки да се овозможи такво емитување, а не можете да ме убедите дека не постојат никакви технички можности во Собраниево и во Република

Македонија општо, кои што не можат да го овозможат емитувањето на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и на тој начин да го одржите вашето ветување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сигурно дека во Република Македонија постојат многу услови за тоа, има многу видео бимови, меѓутоа, во оваа собраниска сала која тешко да се направи тоа ви го тврдам, а нема причина од потранспарентно дека не е постапено со ниеден материјал од сите досегашни материјали. Јас тоа го пуштив уште од Крушево на телефонски повик, без да знам што се случило. И, тоа ќе биде пуштено ако треба два три пати повторно и за јавноста. Јас ви тврдам и тоа ќе го исполнам само да ве убедам дека тука навистина немавме никакви задни намери. Нема зошто, тоа е материјал. Секој суд, секој форум, секој новинар истражувачки може да го добие. А, ние кога ќе го дистрибуираме во 120 цедиња, потранспарентно од тоа не може да биде. Можеме ако сакате, ако инсистирате на новинарите да направиме прес-конферанција 50 новинари плус 50 ЦД-иња да има дадеме. Навистина нема причина тука за нешто. Барем кај мене. Така што, не би сакал да губам доверба на работи спрема кои имам однос 50 години, да не се цензурирам.

Отворам претрес.

Гледам дека уште има за процедурално.

Има збор госпоѓата Благородна Дулиќ, а вие имате процедурално.

Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе,

Вие пред малку дефакто потврдивте и дадовте одговор на една дилема која што заменикот кооридинатор на пратеничката група ја постави до вас пред некој час, а тоа е на кого и по чие барање и со чија дозвола се дистрибуирани официјални документи на Собранието, конкретно и оваа електронска снимка. Бидејќи, велите дека сте толку галантен да можете да ја делите на било кој саката, итн, претпоставувам дека тоа можеби сте го направиле и во центарот за режија во ВМРО-ДПМНЕ, кој што ги прави оние копитејст исеченици од страна на спотот. Дозволете господине претседателе, ние во текот на расправата баравме не во летното кино во Градскиот парк, не во Манаки, не на лаптоповите, ако знаат да ги користат на пратениците, туку во овој дом...

(Реакција од страна на пратениците)

**Љубиша Георгиевски:** Добро имавме цел ден конструктивна расправа, немојте сега..

Повелете.

**Игор Ивановски:** Знаете, ако толку им е до оваа работа им предизвикувам притисок, нека се откажат.

**Љубиша Георгиевски:** Да не го расипуваме денот, на крај сме. Повелете.

**Игор Ивановски** Еден ваш претходник, господине претседателе, успеа замислете да ја открие техниката и пушташе аудио снимки во ова Собрание. Тоа некој го оценуваше вака или онака. Значи, ако ова ЦД кое што гледам го држи Шамбевски, веројатно го знае, се извинувам ако е тоа тоа, гледам како добро вака го барата, претпоставувам дека можеби и тој бил во делот на тие исечоци или режија, може да се приклучи на еден лап топ, она што вие како голема мисла го кажавте, можете да го приклучите со еден кабел на овој видео бим што е тука. Како што сега стојат имињата или како што се гледаме на оваа плазма овде, можеме да го видиме и она што се случуваше 4,5 часа. Зошто претседателе, тоа е многу битно. Има горе бел ѕид се уште во ова Собрание. Многу е битно, господине претседателе, сите оние кои разговараа за впечатоците од таа комисија, да го видиме овде тоа заеднички. Бидејќи ние се доведуваме во една апсурдна ситуација да не го прифатите нашиот предлог и ја ставивте точката два за расправата од Комисијата, а по точката број 1 одлучувавме по одлуката на Комисијата, која што не се случи. Значи, ние сакаме да се соочиме со аргументите тука веднаш и на заеднички начин, бидејќи ако тоа не го направиме на тој начин, вие ќе си продолжите да констатирате 61 кога нема, пратениците од владеачкото мнозинство ќе си стават предлози тогаш кога не смеат, некој ќе си гласа и ќе ги собират гласовите тогаш кога не може тоа да го прави и први ќе режираат спотови и ова Собрание ќе продолжи да биде голема лакрдија во ваша и во режија на вашите колеги пратеницк од владеачкото мнозинство. Вие земавте обврска господине претседателе, претседателе точката број 2 да овозможите тоа да се гледа, ние не бараме да инсталирате, ќе повторам, вселенска станица во ова Собрание. Бараме она што се случува 40 години веќе во техниката да проработи во Македонија во 2007 година. Не може да ме убедите дека тоа не може да го направите во овој дом, апсолутно.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ни намера, само прво вие погрешно чувте или погрешно сте информирани дека некакви цедиња се делени. Тие не се делени, туку сега дојдовме до заклучок дека можеме да ги поделиме, ако се сложува опозицијата, односно госпоѓица Грковска. Ако сите добиете ЦД од еден материјал, тоа не може да биде прогласено за непрозрачно, тоа не може да биде прогласено за манипулација, тоа не може да биде прогласено за нетранспарентно. Тоа така се прави секаде во светот. На собор да се гледа една проекција, слушајте граѓани, сега да го вртам ова при овие страсти во Парламентот, ќе избие лом. Или, што знам јас, филм од Џемс Дин, сега во оваа атмосфера да вртиме, ајде да вртиме, но тоа трае 4,5 часа, а ние имаме 40 минути до 18 часот. Немојте невозможни работи да барате, а кога добивате возможни. Супер е, секој ќе си има видео бим и ако сакате кога ќе дојде време, ќе го направиме.

Има процедурално, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Претседателе, ви благодарам.

Јас имам конкретен предлог, бидејќи ова можеме комотно да го сметаме како стенограм и електронскиот запис да биде поделен на пратениците. Бидејќи стенограмите кога ќе ги добиеме во пишана форма, никој не излегува на говорница па да го исчита тоа што сме го добиле како стенограм, така и сега нема логика ова да се гледа ако сите ние го добиеме во електронска форма и можеме да го гледаме онаму каде што сакаме.

Само за информација на господинот Ивановски, бидејќи тој ме спомна, ова е ЦД-то кое што почитуваниот пратеник Рахиќ ми го даде мене.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е сосема друго за ЦД-то.

Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам господине претседателе.

Навистина овде сега говориме за нешто штоеве било да denечеме техника, не може да се овозможи,не може да се гледа, говориме за ЦД-а, јас би прашала нешто поедноставно. Зошто за прв пат имаме точка на дневен ред во која што немеме еден извештај, како што и секогаш до сега сме практикувале да имаме од Комисијата.

Значи, многу поедноставно, нешто што е и до сега било дел од процедурата и не требало никој да го бара. Ја имаме точката на дневен ред, Комисијата расправаше по тоа и ред беше како што секогаш се случувало во овој Парламент од едно тело, работно тело на Собранието пратениците да добијат извештај. За жал, почитуван претседателе, ние го немаме во овој момент тој извештај. Значи, немаме нешто што досега било пракса, а да не говориме дека нешто ќе направиме што е надвор од праксата. Мојата забелешка е сосема сериозна и јас мислам дека пратениците е неопходно да го добијат извештајот, пред се од Комисијата. Се знае како тој се подготвува, со потпис од претседателот и потоа да можеме да дебатираме. Значи, уште еднаш ќе повторам, не се бара нешто што е повеќе, нешто што не може да се направи, нешто што било вообичаена процедура. Во овој момент таа процедура не се почитува. Токму поради тоа, почитуван претседателе, можеби се и сомнежите и недовербата меѓу пратениците дека навистина овде се случува нешто што само придонесува да се подигнат тензиите меѓу пратениците од парламентарното мнозинство и од опозицијата. Токму поради тоа уште еднаш ќе нагласам, поделетего извештајот да имаме барем пишан документ по кој ќе можеме да дебатираме.

**Љубиша Георгиевски:** На оваа тема потрошивте добри 15 минути со Макрадули. Тогаш беше речено, вие закажете ја седницата, извештај ние ќе поднесеме. Ние имаме информација. Затоа и така се вика - Информација. Е, сега, тоа е друго. Треба двете страни да имаат информација. Тогаш јас пресеков и се сложив, најдобро е да се подели информацијата изворна таква каква што е, без интерпретација, а тоа е снимката. Затоа што, јасно е дека две страни ќе бидат конфронтирани и јасно е како ќе се заврши таа конфротација. Не може дена да е во право. Тоа не може по принцип. Секогаш треба и другата страна да се чуе. Затоа, најдобро пресудува стварноста, лентата. При имање на лента, не треба тоа да го мистифицираме. Дајте да ја видиме лентата, па после ќе бидме поумни. Јас дебатирам за суштински работи.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе,

Ги молам колегите ако може да се слушнеме. Почитуван претседателе, говориме за две различни работи, не ви говорам за информација која што треба дали да ја достават пратениците од парламентарното мнозинство или опозицијата. После работата на секое работно тело во Парламентот на Република Македонија до сега беше пракса и тоа е деловничка обврска да се изготви извештај. Тоа, најверојатно, почитуваната колешка претседателка на Комисијата го знае и не знам зошто сега се прави недоветна и не сака да го потврди тоа што е факт. Значи, да се изготви извештај, извештајот го подготвува службата, а го потпишува претседателот на Комисијата и тој извештај се дели заедно со писмото со кое што вие ја закажувате седницата, а таа точка е на дневниот ред. Значи, нешто што и досега се практикувало, не говорам за информацијата, туку говорам за нешто што било деловничка обврска. Ве молам единствено околу тоа зборувам. Тоа што вие сте дебатирале и сте расправале со колегата Макрадули е сосема поразлично од ова што јас го говорам.

Ова е најобична едноставно процедура која што е внесена во Деловникот. Јас замолувам тој извештај да го имаме. Тоа го знаат сите претседатели на комисиите. Тука е колегата Трајко Велјановски нека ви помогне, тој нека ви каже дека е така. Благородна Дулиќ, значи говориме нешто што сите претседатели на комисиите знаат дека треба да го имаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете процедурално госпоѓо Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе...

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам пред вас има збор Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Претседателе јас сметам дека не претседателката на Комисијата, туку вие и стручните служби треба да подготвите информација за се што се случуваше пред Комисијата. Јас споменав дека единствен тој дел, од тие што се парламентарно мнозинство, кој беше коректен, имаше разбирање, беше претседателката на Комисијата. На нејзина рака, на инсистирање на пратеникот Рилковски и на пратеникот Најдовски стапи во контакт директно со мене на телефонот што го знаат половина од пратениците.

Она што  треба да го имаме како информација, а не вие, туку некој треба да напише за да имаат пратениците претстава што се се случуваше. Значи, јас врз основа на пишани докази правиме реконструција на настанот.

Во 16,00 часот во архивата на Парламентот е пристигнато барањето од истражниот судија. Во 16,00 часот. Веќе во 15,45 часот кај вас има координација со членовите на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Значи некој се обидува, на тоа внимававме многу. Некој се обидува да ја објасни итноста. Инсистираше пратеникот Аднан Јашари да напише некој зошто е итна седницата и да покаже дали се уредно поканети прво членовите на Комисијата.

Второ, претставник на предлагачот.

Трето, диференцираниот.

Јас имам пишан доказ дека не сум уредно поканет писмено. Треба да извлече поука генералниот секретар, стручните служби, не вие дека не може да се користи МФ, брзата пошта која на барање на Парлементот брзо писмено да ме информира го добила барањето во  18,21 часот, а го доставила кај мене на 2 август во 11,00 часот, кога веќе беше завршена Комисијата.

Трето, што е многу битно за целата оваа постапка, има ли писмена покана до овластениот предлагач. Зошто не беше? Јас мислам дека целата оваа ситуација и тензија ќе беше спуштена да беше на самата седница на Комисијата, или истражниот судија, или основниот јавен обвинител, можеби републичкиот јавен обвинител, финансова полиција, бидејќи имаше кривична пријава, некој да ми понудеше расправа според сите нишани. Значи, со доказен материјал зошто се сомневаат дека пратеникот нема да биде присутен, или ќе влијае на сведоците, па да има такво барање, само на страница и пол, со 46 ред да ги става во многу непријатна позиција членовите на комисијата.

Сметам дека тоа во една писмена информација за да извлекуваме поуки во иднина, да не се повторуваат грешки кога говориме за сценарија е режисери мораме да го имаме како информација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Понатаму, Светлана Јакимовска побара, па Весна Бендевска, процедурално.

Повелете госпоѓо Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Јас жалам што морам повторно да се повторам.

Значи, Комисијата не постапуваше по членот 50. Жал ми е што ова се однесува за колешката Роза Топузова Каревска, а не би требало, втор или трет мандат е во Парламентот, барем нејзе не треба да и објаснувам. Комисијата постапуваше по член 51 став 4 под став 5 во донесувањето на Одлуката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Значи, својата процедурална забелешка ќе ја засновам на член 116 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.  Значи станува збор за Одлука на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања врз чиј лигитимитет опозицијата што всушност се потврди и во текот на минатата точка од дневниот ред стави сериозна забелешка за легитимитет, но под ваша диригентска палка вие дозволивте ова Собрание односно владеачкото мнозинство да се произнесува иако три дена дебатираме дека станува збор за непостоечка одлука. Да ве потсетам, опозицијата до вас достави барање да се свика итна седница на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања која согласно Деловникот е надлежна да говори дали е испочитуван или не Деловникот на седница на едно од работните тела.

Господине претседател, очекувам доколку сакавте да не убедите дека не станува збор за партиски збор на Собрание од вас личен интерес да биде согласно член 116 став 4 кога вели дека доколку претседателот на работното тело не свика седница, претседателот на Собранието е должен да го стори тоа. И не само должност, морална одговорност ви беше да ја симнете фамата околу непостоечката одлука на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Со вашето дополнително одбивање пред нас да биде презентирана и снимката од текот на седницата со која ќе можеме навистина со тежина да дебатираме, но и пред македонската јавност да докажеме дека станува збор за непостоечка одлука донесена од незавршена седница на Комисија, сето тоа паѓа во вода. Повторно се случува грубо деловничко прекршување, за жал, повторно на ваш терет и на  ваша совест. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас оваа интервенција ќе ја земам многу сериозно и уште утре ќе дадам налог да се произведат најмалку 100 цедиња и ќе ги поделам на сите медиуми за уште еднаш да покажам дека навистина тука нема никаков проблем. А што се однесува до дискусијата во која се екстраполира една претпоставка, потоа таа претпоставка се трансформира во факт и потоа пак се полимизира со оној што не го признава тој факт, тоа е позната метода.

Значи, прво се екстраполира една претпоставка. После таа претпоставка се трансформира во факт и после тоа се обвинуваат сите кои не се согласуваат со таа претпоставка, како да не се согласуваат со факти.

Драга моја господо, Џордано Бруно и Никола Коперник со години тврдеа дека е овој систем хелиоцентричен. Џордано Бруно беше спален, па му го земаа тоа како претпоставка, а не како факт, затоа што другата страна од Парламентот,

за која и велите дека јас ја манипулирам има сосема друга претпоставка. Што сега јас да правам? Законодавецот предвидел мнозинството во Парламентот да прогласува претпоставки за вистини. Тоа е целата процедура во демократијата. Многу често малцинството има право. Многу често. Дури и почесто има малцинството право, но мнозинството одлучува, власта е оттуѓена и оттуѓува. Тука е проблемот. Тука да дојдете да седнете и вие верувајте ми и вие која имате висока степен на луцидност исто ќе ви биде многу тешко да се одлучите меѓу која група. Значи, јас се обидувам на сите да ви дадам збор, сите да излезете со вистината, но на крајот, навистина на крајот се одлучува така како што се одлучува. Една општествена предрасуда 50 години траеше, се викаше комунизам и победуваше по сите парламенти. Што можеме да правиме? Немојте.

Јас предлагам да одиме на материјална расправа, имаме уште 20 минути.

Повелете, предност имаат процедуралните интервенции.

Значи на ред е Рафис Алити, процедурално ли е? (Да) Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Не дека јас мислам така, но не е добро на овој начин да се однесува претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и да одговори на колешката и пратеничката Роза Топузова Каревска дека во членот 51 став 5 се докажува дека на првиот состанок Собранието ја потврдува или ја анулира одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Ние денес дискутираме за информацијата од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, така да за да се даде оваа информација претседателот на Комисијата е должен да ја даде оваа информација на Собранието.

Освен ова, ова е и на дневен ред, така да не е коректно да се повикува на член 51 став 5, туку треба да се повикува на член 50 став 4 и да се регулира ова. Сите ние да расправаме околу текот на работата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, доколку немаме информација. За ова сигурно требаше да го бара и претседателот на Собранието, како и службите. Тука пред се мислам на генералниот секретар.

Доколку дискутираме а немаме информација од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, од која се бара информацијата не можеме да дискутираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Роза Топузова Каревска, по трет пат, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Навистина, по трет пат како што кажавте, меѓутоа навистина не можеме да се разбереме, по се изгледа ќе треба и по повеќе пати, затоа што претседателката на Комисијата го прочитала само до член 50, или член 51, каде што имала инструкции како да постапи, а не го прочитала Деловникот кој што има 241 член.

Јас не е важно дали сум прв, втор или трет мандат, Деловникот е за сите пратеници, без разлика кој мандат им е и ќе и го прочитам 125 член, кој што како претседател имала должност да го прочита. Тој вели: “Претресот по прашањето што го разгледува работното тело може да заврши со прост премин на дневниот ред, или со заземање став за кој работното тело поднесува извештај до Собранието одделно за секое прашање што го разгледува.

Извештајот го содржи ставот на работното тело со образложение.

Во извештајот се внесуваат и сите изнесени и издвоени мислења и предлози по прашањето што било на разгледување на седницата на работното тело.

Претседателот на работното тело го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност”.

Или, како што би рекол почитуваниот претседател, бидејќи многу милува, “пред фактите и боговите молчат”.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Слободан Најдовски. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Мојата интервенција е чисто процедурална.

Уште како член на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања укажав на следново.

Собранието во оваа постапка, или било која друга постапка не смее да направи ни најмала грешка која што ќе даде друга светлина на постапката.

Второ, Собранието не смее со ниеден повод да ја проблематизира целокупната постапка.

За жал, се случи сосема спротивното. Затоа и денеска сеуште тврдам, како што кажа госпоѓата Јакимовска дали е втор или трет мандат на госпоѓа Топузовска, мене ми е трет мандат, тврдам дека во ова Собрание, во овој Парламент од 1990 година па наваму ниеднаш не се прекршила процедурата на работно тело, дури и на Собрание, како што се направи прекршување на Деловникот на седницата на Комисијата.

Госпоѓо Јакимовска процедуралната забелешка е следна, а претседателе и до Вас.

И по однос на првата точка, со оглед на тоа што не бев во четвртокот и петокот, требаше да имате извештај од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Во рок од 15 дена доколку имаше валидна одлука, таа ќе беше одлука која што ќе имаше важност, но повторно Собранието требаше да ја потврди врз основа на извештај на Комисијата. Но, за жал, јас кога ќе дискутирам по оваа точка ќе кажам, дефинитивно тоа беше вечер кога се убиваше демократијата во Република Македонија. Не навлегувам

воопшто во одговорноста на господинот Бучковски. Ако си е одговорен за тоа пред истражните и надлежните судски органи ќе си одговара. Сега повторно продолжувате да ја кршите процедурата. Ве молам претседателе, не се во прашање 120 сега, не сте во прашање вие, во прашање е дали Република Македонија ќе има оцена дека највисокиот дом си го почитува она што си го донел, тоа е Деловникот како највисок акт.

Ние и по првата точка, и по оваа мораме да имаме извештај од претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, кој што ќе биде потпишан од него, и по изминувањето на 15-от ден, како што денеска направивте, дали ќе ја потврдите, или не, денес расправавте за непостоечка одлука.

Ве молам, запазете ја барем сега процедурата. Дозволете претседателот на Комисијата да направи извештај и тој извештај да ни го поднесе, па да распаваме по извештајот, а информацијата ќе се однесува на тој извештај, ако сакате да биде до крај деловнички.

Ако сакате во ова Собрание повеќе да не важи ништо тогаш продолжете си на начинот на кој што започнавте.

**Љубиша Георгиевски:** Што, на тоа сега јас треба да речам разбирам и да застанам мирно.

(Реакција на пратениците од место)

Оставете малку простор и за мене да кажам.

Пред се, со ваква дискусија како вашата се врши пресија врз судот. Зошто никој во оваа сала не знае дека двете судрени партии на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се тужат едни со други.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

И јас не сум, ама јас знам дека се тучат. Дајте, дајте да оставиме на судот да ја истера работата на чистина.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

А, не кога ќе чуете суд имате уртикарија. Зошто? Нели рековме судот одлучува за се.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Па, за одлуката ...

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Тишина, тишина.

Второ нешто.

Јас овде не сум човек кој не дозволува, или забранува, далеку било, како тоа јас да дозволам или на некој на нешто да забранам. Кога тоа сум го правел? Не сум јас никаде во Деловникот, во член 5 пишува дека претседателот на Собранието нешто дозволува, или не дозволува, ви се молам.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Господин Игор Ивановски повелете.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе. Мислам дека е некултурно да влегувате во реплики према пратениците ако сакате да земете збор, и така сте сеуште во вашиот старт.

**Љубиша Георгиевски:** Не, јас сум должен да одговорам за секоја процедурална интервенција.

**Игор Ивановски:** Во ред.

Претседателе две процедурални барања.

Првото е дека токму вие претседателе, верувам не заборавивте на вашето столче каде што седите рековте дека ваша лична желба ќе биде да ја пуштите снимката од Комисијата, чинам рековте 7 пати, ако сакате е секој ден за да може да се види...

**Љубиша Георгиевски:** Не тоа, имав намера...

**Игор Ивановски:** Господине претседателе, вие тоа може да го направите веднаш на Собранискиот канал кој што ќе може да го гледаат сите пратеници. Ако тоа не го направите значи или вие нема да си ја испочитувате вашата намера, како што велите, или вие ќе влезете директно како соучесник во континиуранаиот инструмент на лажење на овие пратеници и македонската јавност.

И, втората работа господине претседателе за да видите како ние го почитуваме Деловникот и овие правила на игра за разлика од вас, барам согласно член 64 поддршка од 10 пратеници Собранието да продолжи да работи после 18,00 часот. Вака господине претседателе се става предлог на гласање. Бидете спокојни нема да бидеме слични, дури ни слични, а камо ли идентични со вашите колеги од левата страна па да ве држиме до два, до три часот и понатаму вие да мора да доаѓате “изваден од кревет” за да морате да ја терате работата итн, ќе се обидеме да завршиме во догледно време, како што доликува на здрави и рационални луѓе, отприлика до 20,00-21,00 часот.

Во овој момент согласно член 64 барам поддршка од 10 пратеници да го ставите моето барање на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Имате ли поддршка од 10 пратеници?

(Некои пратеници креваат рака)

Го ставам барањето на господин Игор Ивановски за продолжена работа на гласање.

Кој е за? (Некои пратеници креваат рака).

Значи уште еднаш го ставам барањето на господин Игор Ивановски на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Кој е за?

За гласале 28 пратеници, 1 гласал воздржано и против гласале 28 пратеници.

Треба да го повториме гласањето.

(Реакција на пратениците во салата)

Всушност, нема победник, значи не е прифатен предлогот за еден глас, жалам.

Значи, предлогот не поминува.

Цветанка Иванова бара збор процедурално.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

**Љубиша Георгиевски:** Значи предлогот не е усвоен, да се изјаснам.

**Цветанка Иванова:** Добро е што нашиот колега Игор Ивановски предложи да се гласа и на очиглед на јавноста се виде фарсата која што се одвива во ова Собрание.

Значи, на парламентарното мнозинство битно му е да си ја заврши онаа работа која што му е од централата испорачана и таа е завршена сега и не е потребно понатаму да се дебатира...

**Љубиша Георгиевски:** Овде не знам што е процедуралното. Гласањето беше валидно.

(Реакција на пратениците во салата)

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, јас сакам да не ми тече времето за збор, ако сите се мешате во мојот збор.

Имам желба да ја видам државава еднаш да функционира како што треба. Друго немам желба. Значи вака.

Има утре, но тоа утре ќе биде како информацијата за откупот на тутунот, тоа утре ќе биде како информацијата за поплавите, тоа утре ќе биде како Законот за високо образование, ние сме се нагледале оваа година за тоа утре како ќе дебатираме овде.

Сега околу процедуралното по точката на дневен ред.

Господине претседателе, имаме точка на дневен ред со следната содржина - Информација за случувањата на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања во врска со барањето за одобрување на притвор на пратеник. Доколку немаме извештај од Комисијата, доколку визуелно не погледнеме што се случувало на Комисијата како ќе дебатираме и врз основа на таа дебата какви заклучоци на крајот ќе донесеме.

Значи очигледно е дека прво треба Комисијата, претседателот да си го испочитува членот 50 став 3, да си поднесе извештај писмен, не само одлука, затоа што две одредби има од Деловникот за оваа работа.

Една која што се однесува на работните тела, на нивната работа, каде што се задолжени да доставуваат извештај и една посебна, специјална одредба за ваков случај. Секако она што се случувало визуелно да го видиме овде, за да не се случи господине претседател, ние го спаливме Џордано Бруно, но да не чекаме на фактите повеќе години. Да утврдиме сега, затоа што техниката ни овозможува, ако го спаливме Џордано Бруно со волјата на мнозинството, да утврдиме сега заедно, да видиме дали навистина сме го спалиле во согласност со законот и фактите што биле на Комисијата.

**Љубиша Георгиевски:** Ова веќе е апсолвирано прашање. Сите ќе ја добиете снимката од седницата. Сите ќе добиете снимка од седницата и ќе создадете мислење околу тоа. И тоа ќе добиете снимка многу скоро, години нема да се чека, многу скоро ќе добиете снимка.

Повелете.

**Цветанка Иванова:** Една забелешка.

Не утре поединечно, туку овде на Комисија, затоа што оваа точка е на дневен ред. Ова е предмет на работа на ова Собрание, по оваа точка. Сакаме овде сите заедно да видиме што е тоа што се случувало и претседателката да си ги испочитува двете одредби од Деловникот на Собранието. Една која што без исклучок важи за работата на сите тела и што досега никој не ја прекршил, секоја работа на секое работно тело завршува со извештај, а уште повеќе што за ваква ситуација важи и уште една плус одредба која што задолжително претседателката не смее да ја скокне и мора да има извештај овде заедно со оваа точка и секако да го гледаме материјалот сите овде заедно и после да дебатираме и врз основа на дебатата да произлезат заклучоци. Така се работи во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Имам едно прашање.

Во услови кога едвај 60 души одат на редовни седници како тоа замислувате, да ги врземе луѓето сите заедно да гледаат? Во услови кога на најнормални седници идат по 60 души ...

(Реакција на пратениците од место)

Значи за сите заедно не можам да земам обврска. За другото ќе го разгледам сериозно.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Тоа го предлагам драги мои. Тоа го предлагам.

Ве молам, ве молам, момент.

Дали се тука службите?

Има ли некој од собранискиот канал службите да ми кажат. Ако има веднаш да дојдат и веднаш ќе го пуштиме.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Ќе го пуштиме веднаш, нема проблем никаков, само еден момент.

Ве молам службите да ми рапортираат дали е тука некој од уредниците на собраниски канал, нема никаков проблем. Јас тоа од почетокот го предлагам.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Ќе го пуштиме, момент, ќе се заврши се како што треба. Просто ќе го решиме ова, барем нешто да решиме.

Јас на почетокот реков, но општа гужва е, никој не слуша никого.

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Само еден момент, да дојдат луѓето, да решиме, затоа што решаваме еден голем проблем. Се решаваме.

(Надлежни од службите доаѓаат во салата).

Има ли човек?

(И понатаму реакција на пратениците присутни во салата)

Ете каков е договорот.

Договорот е вакoв: главниот уредник е на годишен одмор. Меѓутоа ...

(Реакција на пратениците присутни во салата)

Чекајте, аман, аман. Меѓутоа, за 15 минути после 18,00 часот ќе ја пуштиме целата снимка, за 15 минути ако се прекине сега преносот, се разбира. За 15 минути се преориентираат и оди во етер. Што сега повеќе?

Повелете госпоѓо Митрева уште вие.

Ве молам тишина, да завршиме една седница како што треба, во 18,00 часот се прекинува преносот и во 18,15 часот ветено ми е дека ќе оди во етер тоа.

Повелете госпоѓо Митрева уште еднаш.

**Илинка Митрева:** Господине претседателе јас мислев дека не сте разбрале, ама сепак со вашата последна реакција покажувате дека барем нешто сте разбрале од она што како шанса ви ја дава опозицијата да се извлечете вие лично од калта и од калта во која што го втурнавте Собранието.

Прво, да објавите урбијаторби, што би рекле вие на сите дека не работите според главата на клиентот или адхоминам, како што би рекле вие и дека постои процедура, закон и Деловник, или дуралет, лекс се влекс, како што би рекле вие и да покажете дека според член 56 имате право да побарате од претседателот на собраниското тело уредно да поднесе извештај. Бидејќи вие тоа не го правите прашањето е следното: Или претседателот на Комисијата заедно со ваша поддршка треба да направи фалсификат од извештајот на седницата, или сте мртво уплашени и вие, па потоа госпоѓата претседател од тоа ако дадете објективен извештај дека ќе трпите партиски бич. Затоа господине Георгиевски ве молам вратете се на сопствените мудрости и зачувајте малку барем од вашиот личен, ако не политички интегритет и постапувајте според она што го повторувате постојано во ова Собрание, а тоа е дека постои ред во нештата. Ако постои ред во нештата немојте да извршувате, дури и првото барање од опозицијата да се проектира овде цедето, бидејќи го заменивте со друг предлог, да се подели цеде на пратениците. Ве молам, па немојте да правите непотребни маневри овде. Ве молам, навистина ја навредувате нашата интелигенција и нашето достоинство. Постапувајте онака како што ви пропишува Деловникот, Уставот и законите.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ако завршивте само едно ќе ви кажам. Тука е и господинот Бучковски, тука е и господинот Игор Ивановски, цела оваа дискусија, цел овој случај го почнав со тоа што реков и секундата од снимката ќе ја емитирам. Според тоа, удирате на отворена врата, а вие можеби не бевте тој час ...

**Илинка Митрева:** Бев, бев...

**Љубиша Георгиевски:** Допуштам. Кога тоа го реков, ќе ја пуштам таа снимка онолку пати колку опозицијата ќе побара.

Во 20,15 часот ќе се видиме, а сега ја заклучувам седницата бидејќи веќе е 18,02 часот.

(Довикување на некои пратеници во салата)

Не, не. Се гледаме во 20,15 часот, кога ќе биде емитувањето.

Следната програма ќе ве известиме по СМС.

За ваше сознание треба да ви кажам дека следната пленарна седница е во четврток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,03 часот)